# Црквата,
# Божјото семејство

Текст: Пол Рид
Илустрации: Тим Шајри

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

Издавач:
CEF European centre
Kilchzimmer
CH-4438 Langenbruck
Switzerland

Copyright © 1995 European Child Evangelism Fellowship.
Сите права задржани.
Употребено со дозвола. Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба.
За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

# Содржина:

**ЛЕКЦИЈА 1**
***ЦРКВАТА Е ЖИВА*** ***7***

**ЛЕКЦИЈА 2**
***ЦРКВАТА ВО ЕРУСАЛИМ*** ***12***

**ЛЕКЦИЈА 3**
***ЦРКВАТА ВО АНТИОХ*** ***16***

**ЛЕКЦИЈА 4**
***ЦРКВАТА ВО ТРОЈА*** ***21***

**ЛЕКЦИЈА 5**
***ЦРКВАТА ВО ВОЈНА*** ***26***

# ВОВЕД

## ПРОЧИТАЈ ГО ОВА ПРЕД ДА ПОЧНЕШ ДА ПОУЧУВАШ

Овие пет лекции се посебно напишани за момчиња и девојчиња кои го запознале Господ Исус Христос како свој Спасител преку слушање на Евангелието, но сè уште не се вклучени во локална црква.

Овде поучувањето е пообемно и затоа лекциите ќе бидат најкорисни за поучување поголеми деца, на возраст од 9 до 12 години. И помалите деца, исто така, би имале полза од овие лекции, но, можеби, ќе терба да ги скратиш.

Можеби децата ја слушнале добрата вест во некој христијански клуб, камп или на некој христијански состанок на отворено. Една од твоите одговорности сега како учител е да ги упатиш овие христијански бебиња во доктрината за Црквата. Ќе треба да ги поучуваш за важноста да се посетува неделното училиште и богослужбите во локалната црква, каде тие ќе можат да го слават Бог, да го слушаат Неговиот Збор, да имаат заедништво со христијани и да му служат на Христос.

Би сакал да дадам неколку практични совети што можат да ти помогнат да ги насочиш оние деца кои се спасени, но сè уште не одат в црква, кон заедништвото на локалната црковна заедница која вистински стои на Божјото Слово.

**1.** Биди убеден во себе дека е библиски и потребно за децата да посетуваат црква и неделно училиште.

Учењето на Писмото е сосема јасно за ова прашање. Го имаме примерот на раните христијани кои славеле, се молеле, сведочеле и работеле како црква, а не како издвоени поединци.

Повеќето од посланијата на Новиот завет се напишани за телото на верници - во Рим, Колос, Коринт. Дури и писмата до поединци *(како што се Првото и Второто послание на Павле до Тимотеј и Тит)* се напишани како кон црква, со оглед на тоа што овие мажи биле водаЫи на цркви.

Има и конкретни предупредувања, како, на пример, во Евреите 10:25: "... не напуштајќи ги заедничките собирања, како што некои имаат обичај..."

Јасно е дека на децата кои се спасени им е потребно заедништво на локалната црква, за да пораснат во силни, зрели христијани.

Исто така, секое дете кое е христијанин има дар или дарови од Светиот Дух со кои што ќе ја збогатува и ќе ѝ служи на Христовата Црква. Не само децата имаат потреба од Црквата; на Црквата ѝ се потребни деца кои го познаваат Господ.

**2.** Моли се верно и конкретно за децата кои не одат в црква, за да бидат вклучени во твојата локална црква, или во некоја друга добра црква која вистински се држи до Божјото Слово.

**3.** Поучувај ги децата за тоа што Библијата го кажува за Црквата.

Можеш да ги употребиш петте лекции од оваа книга. Јасно е дека тие воопшто не ја исцрпуваат темата, дури и на детско ниво. Можеш да ги поучуваш и другите аспекти на оваа тема од тоа што си го пронашол во Божјото Слово.

**4.** Запознај ги родителите на децата.

Можно е на родителите да не им е по волја да ги носиш нивните деца со тебе в црква, освен ако добро се запознаат со тебе и имаат доверба во тебе. Јави се кај нив дома, претстави се, кажи им колку многу се радуваш да ги поучуваш и да им помагаш на нивните деца. Искористи ги можностите што Бог ти ги дава за да го развиваш пријателството со нив.

**5.** Настојувај да им бидеш вистински пријател на децата.

Полесно ќе биде да ги земеш децата во недела во црква, ако си го здобил нивното пријателство на други начини, па и тие да уживаат во твое друштво, не само како со учител во христијански клуб, но и како добар пријател. На пример, понекогаш во саботите би можел да ги носиш на прошетка, или, пак, одвреме - навреме да ги земаш кај тебе дома на сок.

**6.** Земи ги децата со себе в црква.

Се разбира, ако ги земеш децата со себе во недела наутро, посигурно е дека тие ќе присуствуваат, отколку, ако само ги поттикнеш тие самите да одат в црква на своја иницијатива. Можеш да ги земеш со твоето возило, да пешачиш со нив, или, пак, да ги придружуваш во автобусот, во зависност од околностите. Има цркви кои користат минибус кој кружи и ги собира децата, и повторно ги враќа дома по неделното училиште и богослужбата во црквата.

**Едно појаснување:** ако твојата детска група е под покровителство на Мисијата за евангелизација на деца-МЕД, запомни дека таа е меѓународна организација којашто работи со верници од различни деноминации. Овие лекции се напишани, имајќи ги на ум неевангелизираните деца. Ако твоите ученици веќе посетуваат црква или неделно училиште, немој да ги разубедуваш да ги напуштат нив и да посетуваат некои други. Внимавај да не критикуваш ниту една црква во твојот град, или, пак, да подгреваш дух на негативен критицизам кај некои од децата.

**7.** Вклучи и други луѓе во носењето на децата в црква и неделно училиште.

Можеби не си во можност да ги носиш сите деца што би сакал, кога одиш во црква. Други луѓе, на пример некои млади луѓе, би можеле да помогнат со тоа што ќе ги повикаат децата, ќе ги придружат и ќе ги вратат дома-можеби дури понекогаш да ги поканат кај себе на неделен ручек. Тоа би било вистинско служење.

**8.** Можеби родителите сакаат да одат в црква заедно со своите деца.

За жал, многу родители не се многу заинтересирани да одат в црква. Не заборавај да ги покануваш, не само еднаш, туку одвреме - навреме, особено кога има нешто особено интересно за нив на неделните богослужби.

**9.** Помогни им на децата да запознаат нови пријатели во црквата и неделното училиште.

Штом ќе почнат да доаѓаат, запознај ги со другите деца на нивна возраст и помогни им да се спријателат. Би било добро да се организираат некои активности за помала група деца од црквата, заедно со некои од новите деца, за да можат подобро да се запознаат и да стекнат нови пријатели. На пример, однеси ги на пливање, на излет, кај тебе дома на мала ужина итн. Исто така, поттикнувај други возрасни христијани да ги поздравуваат новите деца, за да можат да се чувствуваат добредојдени.

**10.** Ако си водач во црквата или учител во неделното училиште, направи сѐ што можеш за да обезбедиш добра, интересна програма за децата.

Ако им е здодеано од монотоноста во црквата, ќе биде навистина тешко тие со одушевување да доаѓаат секоја недела.

## СОДРЖИНА НА ЛЕКЦИИТЕ

Те молам, прочитај ги овие страници пред да почнеш со предавање на првата лекција. Ќе добиеш подобри идеи за твојот план за наредните недели. Би било добро шестата недела да ти биде недела за повторување. Читај натаму да дознаеш некои идеи. На крајот на книгата е приложена и карта која ги прикажува местоположбите на првите цркви.

## БИБЛИСКИ ТЕКСТОВИ

На крајот на прирачникот има список на сите стихови цитирани во лекциите. Можеби ќе сакаш да направиш фотокопии од овие страници со цитати од Библијата за да можат твоите ученици да ги читаат важните стихови во текот на лекцијата. Ако сите деца имаат Библии и лесно можат да се снаоѓаат со нив, можеби, нема да се потребни дополнителни листови.

Во лекциите се користени многу стихови. За да им го задржиш вниманието на децата, дозволи им да учествуваат со читање на некои од стиховите и со одговарање на кратки прашања за тоа што го прочитале. Ако децата се помали, изостави го читањето на некои од овие стихови.

**ЛЕКЦИЈА 1**
*Црквата е жива* - Христовото тело; зграда, невестата, Божјото семејство.

**ЛЕКЦИЈА 2**
*Црквата во Ерусалим* - славење, грижа, молитва. Кратко проучување од Дела 2:40-47, Дела 6:1-7 и Дела 12:1-19 што ги нагласува трите аспекти на активностите на црквата во Ерусалим: славење на Бог, грижа за тие кои имаат потреба, молитва за другите *(во овој случај, Петар е в затвор).*

**ЛЕКЦИЈА 3**
*Црквата во Антиох* - проповедање, давање, испраќање мисионери. Дела 11:19-30, 13:1-4.

**ЛЕКЦИЈА 4**
*Црквата во Троја* - потсетување на Господовата смрт, проучување, заедништво. Дела 20:6-12.

Во Лекциите 2, 3 и 4 се користи анаграм.

На крајот на воведот направивме два дијаграми за црквата; едниот е со анаграм којшто ќе им го покажуваш на децата на почетокот од овие поглавја. Вториот, пак, кога ќе завршиш со трите поглавја. Можеш да направиш фотокопии од првиот дијаграм, за децата да ги пополнуваат зборовите што недостасуваат во текот на овие три недели. Темите се работат помалку или повеќе по историски редослед, како што ги гледаме во некои делови од книгата **"Дела Апостолски"**. Поради тоа зборовите не се пополнети по редоследот на буквите во анаграмот.

Алтернативно, можеби сакаш да го препишеш дијаграмот на табла или на картон. Во тој случај, ако сакаш, можеш да ги користиш буквите од зборовите **"нашата црква"** и да ги лепиш на картон една по една во погодните моменти.

**ЛЕКЦИЈА 5**
*Црквата во војна*-нападите од сатаната врз црквата преку прогонство, лажна доктрина, поделби. Дела 19:1-41, Дела 20:15-20, 27-38.

Една од целите на оваа лекција е да се предупредат децата дека црквата не е совршена, бидејќи е составена од несовршени човечки суштества. Во неа може да има лажно учење, спорови или други недостатоци. Истовремено би

сакале да обезбедиме критериум во избирањето на добра црква која ќе ја посетуваат кога ќе бидат малку повозрасни и ќе треба да го направат овој многу важен избор.

**ЛЕКЦИЈА 6 ПОВТОРУВАЊЕ**

Откако ќе ги предадеш овие лекции, би те охрабрил да одржиш и шесто собирање пред да почнеш со друга серија лекции. Во петте лекции има многу поучување. На ова шесто собирање, можеби би сакал да поучуваш некои аспекти со кои си немал време да се занимаваш во претходните недели.

Дури и ако ги имаш покриено содржините на петте лекции, би било добро да повториш некои аспекти од поучувањето. Еве некои други предлози за ова завршно собирање:

**1.** Искористи ги прашањата за повторување што се предвидени по секоја лекција, за да направиш подолг квиз од вообичаениот.

**2.** Одвои време да одговориш на прашањата што децата ги ставиле во **"Кутијата за прашања"**. На почетокот на оваа серија поттикни ги децата да ги ставаат своите прашања во кутијата за да им ги одговориш откако ќе бидат поучувани петте лекции. Поттикни ги децата да размислуваат за прашања; можеби дури ќе треба сам да ги напишеш првите неколку прашања и да им ги прочиташ *(без да им кажеш дека ти си ги ставил во кутијата)*. На пример, можеш да прашаш:

*а.* Треба ли да одам в црква и неделно училиште, или само во неделно училиште?

*б.* Зошто некои црковни згради имаат куполи и камбани?

*в.* Треба ли кога се молиш в црква да клечиш?

Не заборавај однапред да ги прочиташ прашањата да најдеш соодветни одговори.

Прашањата од кутијата ќе треба малку да се подредат, така што, веројатно, ќе спаднат во различни групи од кои секоја се занимава со посебни теми.

**3.** Направи мала забава со неколку освежувања и награди за стиховите што требаше да се научат напамет, или, пак, за други активности во кои учествувале децата.

Можеби ќе биде добро да направиш анкета, во која учениците ќе дадат одговори на поставени прашања. Оваа активност може да ти помогне да дознаеш повеќе за состојбата на децата со оглед на одењето в црква; може, исто така, да те води да им ја дадеш помошта која што би им требала. Оваа активност ќе биде корисна, ако децата се повозрасни.

Одвој време во текот на часот за читање на одговорите и дискусија за нив со децата. За анкетата можеш да користиш прашања како овие:

*а.* Дали одиш в црква? Ако одиш, во која?

*б.* Дали беше таму минатите две недели? Да-Не.

*в.* Дали твоите родители беа минатите две недели? Да-Не.

*г.* Ако не одиш во ниедна црква, би сакал ли да одиш со мене *(со возило)* во мојата црква? Да-Не *(Се разбира, јас ќе разговарам за ова со твоите родители).*

*д.* Дали ти се допаднаа лекциите за црквата? Да-Не. Кажи зошто?

*ѓ.* Кој дел ти се допадна најмногу?

## СТИХОВИ ЗА УЧЕЊЕ НАПАМЕТ

За време на неделите додека ги поучуваш овие серии, децата можат да ги учат следните три клучни стихови:

**Ефешаните 5:25** "Христос ја засака црквата и се предаде Сам Себеси за неа".

**Ефешаните 5:23** "Христос е глава на црквата, и Тој е Спасителот на телото".

**Евреите 10:25** "Не напуштајте ги заедничките собирања, како што некои имаат обичај".

## ВАЖНОСТА НА ЛИЧНОТО СОВЕТУВАЊЕ

Овие лекции се првенствено напишани за спасени деца, со цел да се поучуваат некои од доктрините за црквата и да им се помогне да почнат да посетуваат добра, исправна црква. Вклучено е и поучување за неспасени деца. Можеш да додадеш повеќе евангелизаторско поучување и во другите делови на програмата - на пример во мисионерската приказна или дури за време на пеењето; можеш да ги претставиш и објасниш стиховите што го прикажуваат Евангелието. Ти, исто така, треба да се ставиш на располагање да разговараш со секое дете кое има сомневања, прашања или сака духовна помош. Не е важно дали детето е спасено или е неспасено, треба да се почувствува добредојдено, ако дојде кај тебе, неговиот учител, за лично советување.

Во некој момент во текот на лекцијата, или во друг дел од програмата, би можел да кажеш нешто како ова: "Ако го познаваш Господ Исус како свој Спасител, но имаш некој посебен проблем кој би сакал да го споделиш со мене, би ми било мило да зборувам со тебе. По часот, јас ќе стојам на излезот и ќе ги испраќам другите деца. Дојди кај мене и кажи ми дека би сакал малку да поразговараш".

Можеш, исто така, да кажеш: "Во оваа група има момчиња и девојчиња кои, колку што јас знам, сè уште не го замолиле Христос да стане нивни личен Спасител. Можеби во текот на изминатите недели, сте сфатиле дека не сте дел од Божјото семејство, дека вашиот живот не е заснован врз Господ Исус Христос. Дали нави-

стина сериозно размислуваш да се свртиш кон Господ и да бараш од Него да те спаси? Се надевам дека размислуваш, но, можеби, не си сосема сигурен како да го преземеш тој чекор кој е толку важен. Би ми било особено мило да разговарам со тебе насамо. Немој да се плашиш! Кога другите деца ќе излегуваат по часот, дојди и седни на еден од овие столови напред. Ако видам дека седиш таму, јас веднаш ќе дојдам и ќе разговарам со тебе за оваа многу важна работа - како да се спасиш и да станеш дел од Божјото семејство".

## ЛЕКЦИИТЕ НЕКА ИМААТ СТРУКТУРА

За оние кои се навикнати на лекциите издадени од Мисијата за евангелизација на деца-МЕД, би сакале да нагласиме дека овие лекции имаат малку поразлична структура и изглед. Секоја од нив не е заснована врз една библиска случка, туку врз неколку библиски текстови. Како резултат на тоа, овде нема развој на дејството кон една кулминација. Вклучени се различни активности кои го поттикнуваат учењето. Овие се особено применливи кога се поучуваат повозрасни деца.

# ЛЕКЦИЈА 1
*ЦРКВАТА Е ЖИВА*

- Христовото тело, Зграда, Невестата, Божјото семејство.

## ТЕКСТОВИ ШТО УЧИТЕЛОТ ТРЕБА ДА ГИ ПРОЧИТА И ПРОУЧИ

Ефешаните 5:22-32; Римјаните 12:4-8; 1. Коринќаните 12:12-31; Ефешаните 2:19-22; 2. Коринќаните 3:11; Откровение 19:7-9

## СТИХ ЗА УЧЕЊЕ НАПАМЕТ

"Христос ја засака црквата и се предаде Сам Себеси за неа". Ефешаните 5:25

## ПРЕДЛОЗИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ВО УЧЕЊЕТО

***а.*** Во текстот има голем број прашања. Те молам користи ги нив и некои други на кои ќе се сетиш. Не заборавај да оставиш време децата да размислат за нив и да ги одговорат.

***б.*** Клучните стихови се читаат во текот на лекцијата. Иако ти како учител можеш гласно да ги прочиташ овие стихови, можеби, би било подо-бро да ги прочитаат некои од повозрасните деца или некои од помошниците.

На децата треба однапред да им ги дадеш податоците за стиховите за да можат да ги најдат и да се подготвени гласно да ги прочитаат. Внимавај да не предизвикаш срам кај децата со тешкотии во читањето.

Можеш дури и претходно да ги снимиш децата како читаат стихови на касета и во погоден момент во текот на лекцијата да ја пуштиш. Таа новост или елемент на изненадување ќе им помогне на учениците внимателно да слушаат.

***в.*** При крајот на овие лекции има една мала "игра" на поврзани зборови. Овие зборови можат да бидат напишани на табла *(или на картон со фломастер)*. Ако одбереш зборовите да се напишани на табла, еден од учениците нека ги напише однапред.

***г.*** Можеш да одбереш повозрасно дете *(или деца)* кое ќе ги чита прашањата за повторување и ќе ги бележи резултатите на тимовите.

## ОСНОВНА ВИСТИНА

Сите кои веруваат во Христос за спасение се членови на вистинската Црква.

***ЦВС:*** Треба да Го љубиш и да си Му послушен на Христос, главата на Црквата.

***ЦВН:*** Верувај во Христос за и ти да станеш член на Неговата Црква.

## ВОВЕД

### Што е Црквата?

## ТЕК НА ЛЕКЦИЈАТА

Водед: "Кога ќе видиме многу овци..."
1-1 Црквата е како Тело.
1-2 Христос е главата на Телото-Тој ја контролира и води. ЦВС
1-3 Црквата е како Невеста.
1-4 Христос е Младоженецот кој ја љуби Црквата. ЦВС
1-5 Црквата е како зграда.
1-6 Христос е темелот на Зградата. ЦВС и ЦВН.
1-7 Црквата е како семејство. Игра на поврзани зборови.
1-8 Последни примени ЦВС.
Заклучок: Прашања

**ВОВЕД**

Кога ќе видиме многу овци на едно место, зборуваме за стадо овци. Кога има повеќе крави на едно место ние зборуваме за...? *(Стадо крави)*. А птици? *(Јато)*. А фудбалери? *(Тим)*.

А што би рекле за христијаните? Какво име би ѝ дале на група христијани кои се собираат и работат заедно? Ја нарекуваме црква. За време на наредните неколку недели ќе зборуваме за оваа многу важна тема -црквата. И малку ќе научиме од она што Библијата го поучува за тоа.

Денес ќе размислуваме за прашањето: "Што е црквата?" Претпоставувам дека, ако те прашам, ти ќе ми одговориш: "О, па тоа е една голема зграда од тули каде одиме во неделите". Добро, тоа е еден одговор, но Библијата одговара на прашањето на поинаков начин, давајќи ни четири прекрасни илустрации или описни зборови за Црквата.

*(Учителе, ти, твојот помошник, или некое дете, нека ги прочита стиховите)*. Да прочитаме два стиха од Библијата и сакам внимателно да слушате. Ќе можеш ли да го откриеш првото нешто што Библијата ни го кажува за Црквата. Таа е како... *(Прочитај Рим. 12:4-5) (Дај им на децата време да одговорат)*.

**СЛИКА 1-1**

Да, таа е како **ТЕЛО**. Што е тело? Можеби подобро прашање би било, од што е составено телото? *(Почекај да одговорат. Очекуваш одговори како, на пример, стапала, дланки, нозе, раце, глава, лакти, колкови, колена)*. Точно. Овие се делови од кои е составено целото тело.

Значи, што пишува во Римјаните 12:4,5? За какво тело зборува Павле? Дали е тоа човечко тело? Не. Дозволете ми да објаснам. Како што видовме, телото е составено од дланки, нозе, срце, бели дробови и многу други делови. На ист начин, луѓето кои поверувале во Христос и Го

љубат се како делови од едно големо тело. Ти не можеш да го видиш, но ние сите си одговараме и припаѓаме на ист начин како што деловите од човечкото тело си припаѓаат еден на друг.

Дали мислиш дека сите делови на телото вршат иста работа? Ајде повторно да го слушнеме Божјиот одговор на тоа прашање. *(Прочитај 1. Коринќаните 12:14,15,16)*: "Зашто телото не се состои од еден орган, туку од многу. Ако ногата рече: 'Бидејќи не сум рака, не му припаѓам на телото', тоа не ја прави да не биде дел од телото. И ако увото рече: 'Бидејќи не сум око, не му припаѓам на телото', тоа не го прави да не биде дел од телото". Точно. Дали твојата нога ти е важна? Дали твоето уво ти е важно? Секој дел од телото е многу важен и врши посебна работа. И како што ногата и увото се важни во човечкото тело, секој човек е важен во Црквата. Ние сите сме си потребни еден на друг и имаме работа што треба да ја вршиме.

**СЛИКА 1-2**

Главата на физичкото тело е местото каде што се наоѓа мозокот. Мозокот е оној дел кој дава наредби на нозете, рацете, стапалата, дланките итн. Ако твоето тело, на пример, сака да седне, мозокот треба да испрати порака до мускулите на твоите нозе и грбот за да се раздвижат и правилно да се свиткаат, за ти да можеш да седнеш. Мозокот, исто така, ги насочува очите да гледаат каде одиш, за да не паднеш. Што би се случило, ако твоите очи гледаа во една насока, а твоите нозе одеа во друга? Наскоро ќе паднеш, нели?

Сега, кој е Главата на Телото на Црквата и кој им ги дава наредбите на христијаните, за тие да знаат што да прават и каде да одат? Ајде да го прочитаме одговорот од Библијата. Слушајте внимателно и откријте кој е кој. *(Прочитај Ефешаните 5:23: "Христос е глава на црквата, и Тој е Спасителот на телото".)*

Да, Господ Исус е главата на Телото. Тој е Оној на кого сите членови на Телото мора да му се послушни. Ако си вистински христијанин, тогаш ти си член на Христовото Тело, Црквата. Дали секој ден слушаш за да слушнеш што ти кажува Исус Христос, Главата? Дали одвојуваш време да го читаш Неговиот Збор и да ги слушаш Неговите поуки за да си Му послушен? Се надевам дека го правиш тоа секој ден, тоа е многу важно. *(Учителе, не заборавај да обезбедиш 'Секојдневно леб за децата' и покажи им како да го користат).*

Еден христијанин по име Јонатан, кој навистина сакал да им кажува на другите за Господ Исус, една ноќ патувал со автомобил. Возачот бил многу уморен и заспал. Возилото брзо скршнало на патот и удрило во еден камион кој доаѓал од спротивната насока. Во таа несреќа Јонатан бил повреден многу тешко. Неговиот 'рбет бил повреден. Оттогаш, Јонатан не можел да оди, бил принуден да користи инвалидска количка.

Додека седи во количката, неговите нозе понекогаш неконтролирано се грчат. Јонатан објаснува: "Не го прават тоа што јас го сакам, бидејќи врската меѓу нив и 'рбетниот мозок е прекинета. Тоа е токму она што се случува кога христијанинот го прави тоа што тој го сака, без да ги слуша наредбите на Христос, Главата на Телото". Биди сигурен дека го слушаш Господ Исус Христос за да го правиш тоа што Тој го вели и да не бидеш како нога, стапало или дланка кои се грчат неконтролирано.

Во Библијата не се споредува Црквата само со живо Тело, туку и со нешто друго. Слушни го овој стих и ќе го пронајдеш следниот описен збор. *(Прочитај Откровение 19:7: "Да се радуваме, да се веселиме и да Му оддадеме слава, зашто дојде свадбата на Јагнето и Неговата невеста се подготви".)*

**СЛИКА 1-3**

Да, Црквата е како Невеста, чекајќи го свадбениот ден кога Младоженецот или мажот ќе дојде да ја земе да живее со Него во Неговиот дом.

Сега, што мислиш кој е Младоженецот? Да, Господ Исус Христос. Во стихот што го прочитавме Тој е наречен Јагне. Ова е едно од имињата кое му е дадено на Христос, бидејќи Тој умре како јагне за нашите гревови.

Кога размислуваш за свадба на невеста и младоженецот кои се венчаваат - кој збор ти доаѓа речиси одеднаш на ум? Конфети? Свадбена торта? Венчален прстен? Многу поважен е зборот **"љубов"**. Овие двајца луѓе навистина се сакаат еден со друг, се грижат еден за друг и се усреќуваат.

Еден млад човек, кој се викал Јован, се заљубил во една девојка која се викала Клара и со која сакал да се ожени. Јован не заработувал многу пари, но сакал да ѝ покаже на Клара колку многу ја сака. Тој со месеци ги штедел неговите пари. Еден ден имал доволно пари да оди во златарница и да купи прекрасен подарок за неговата идна невеста. Подарокот ѝ го дал на нејзиниот роденден. Можеш да го замислиш нејзиното воодушевување кога ја отворила малата кутија и внатре го видела прекрасниот бисерен ѓердан! На тој начин Јован ѝ покажал на Клара дека ја сака.

Како Господ Исус покажа дека ја сака Црквата? Денешниот стих за учење напамет ни кажува како Тој ја изрази Неговата љубов. Ајде уште еднаш да го повториме. *(Ефешаните 5:25).* Точно, Тој умре на крстот за нашиот грев. Зошто? Бидејќи ти и јас заслужуваме да бидеме засекогаш одвоени од Бог. Ние сме му биле непослушни на Бог, сме ги прекршиле Божјите закони и Бог вели дека мораме да бидеме казнети. Тогаш Христос зошто умре? Ако Христос не умреше за нас, Бог никогаш немаше да ни прости. Дали

Христовата љубов кон Црквата е исто толку силна денес каква што била пред стотици години кога бил пишуван Новиот завет? Да. Тој денес те сака исто толку колку што ги сакаше луѓето на Ефес. Тој е Младоженецот на Црквата и Тој ја сака Црквата. Тој и тебе те сака. Ако си поверувал во Христос и твоите гревови се простени, Тој, исто така, од тебе бара да Му ја возвратиш Неговата љубов, исто како што една невеста го сака својот маж и сака да му угоди.

**СЛИКА 1-4**

Каде живее Господ Исус Христос, небесниот Младоженец? Се разбира, вие го знаете одговорот! На небото! Точно! Тоа е местото каде што живее сега Тој; но ние го имаме Неговото ветување дека еден ден Тој ќе го напушти тој прекрасен дом и ќе дојде повторно на земјата. Зошто? Тој овојпат ќе дојде да ја сретне Неговата Невеста, Црквата - тоа сме сите ние кои му припаѓаме Нему и кои го сакаме Него. Тогаш Тој ќе нè земе назад со Него во Неговата славна палата на Небото. Кога сите ние што Го ќе стигнеме на Небото, во Библијата се вели дека таму ќе има една голема свадбена гозба, како еден свадбен пречек, но многу попрекрасен и посреќен.

Ние не знаеме кога Господ Христос повторно ќе дојде на земјата. Но Тој ни кажа да бидеме подготвени. Како можеме да бидеме подготвени? Ако Го сакаме, ако сме Му послушни, ако го правиме тоа што Му е угодно. Невестата сака да му угоди на нејзиниот младоженец. Невестата секогаш очекува да го види нејзиниот младоженец. Дали го сакаш Господ Исус и ја исполнуваш Неговата волја? Дали исчекуваш со радост да го видиш Него?

Досега научивме за две библиски слики за Црквата. Кои се тие? *(Да, Телото и Невестата)*. Сега ќе ја разгледаме третата слика. Види дали ќе можеш да ја откриеш додека читаме од Библијата. *(Прочитај Ефешаните 2:20, 21)* "Вие сте ѕидани врз основата на апостолите и пророците, а темелниот камен е Самиот Христос Исус, во Кого целата стројно изградена зграда расте во свет храм во Господ". Да, Црквата, телото на верниците, тука е споредено со зграда.

**СЛИКА 1-5**

За каква зграда се зборува овде во Библијата? Дали е тоа зграда направена од камења, тули и малтер? Не, не е. Стихот што го прочитавме ни кажува дека Господ Исус Христос е **"главниот темелен камен"**. "*Темелен камен*" е еден голем камен во основата каде два ѕида се спојуваат под прав агол. Огромна тежина притиска врз него. Без темелен камен зградата би паднала. Тоа нè учи дека Господ Исус Христос е Оној во кого веруваат сите христијани и на Кого сите ние се потпираме.

Ако не беше Господ Исус Христос и неговата смрт на крстот поради нашите гревови, немаше да има Црква.

Но, кои се **"камењата"** што ја составуваат зградата? Ти, јас и сите оние кои веруваат во Господ Исус за спасение се **"камењата"**. Се разбира, ние не сме мртви камења, туку живи камења, сите поставени на своето место во Црквата.

Каква е оваа зграда? Ајде повторно да го прочитаме стих 21. Дали го пронајде одговорот на моето прашање? Таа е **"свет храм"**. Зошто Бог ја нарекува така? Одговорот е во стих 22. Види дали можеш да го разбереш. Во Стихот се вели: "Врз кого и вие во Духот заедно се соѕидувате во Божјото живеалиште". Тоа значи дека Бог живее во оваа зграда преку Неговиот Свет Дух. Нели е прекрасно што Бог живее во секој верник кој ја составува Црквата? Не е чудно зошто Бог сака ние да бидеме свети и чисти, ако Тој живее во нас, Неговата Црква. Навистина зградата од тули и малтер, што ја нарекуваме **"црква"**, не е вистинската зграда што Бог ја гледа! Тој гледа еден свет храм или една зграда, составена од луѓе! Пред многу години, кралот на некоја земја требало да замине на едно патување. По патот тој решил да престојува во домовите на обични луѓе, за да види како тие живеат. По целиот пат по кој кралот требало да патува, им се кажувало на луѓето: "Кралот минува одовде и ќе престојува во домовите на својот народ".

Кога мажите и жените кои живееле во тие градови го слушнале тоа, сите почнале да ги подготвуваат своите домови во случај кралот да реши да престојува кај нив. Ги бојадисале вратите и прозорците, ги избришале и исчистиле подовите и мебелот. Завесите и чаршафите ги испрале и сè било подготвено. Сите ја немале таа привилегија да го нагостат кралот, но сите сакале да бидат подготвени, во случај да им се даде можност тој да дојде кај нив дома.

Кралот над кралевите живее во срцето на ***СИТЕ*** верници, не само кај неколкумина избрани. Тој не наминува само за еден ден, туку Тој ***ОСТАНУВА*** засекогаш со нив. Дали твоето срце е како свет, чист храм каде што Тој ќе се чувствува удобно и како дома?

**СЛИКА 1-6**

Меѓутоа, оваа зграда сè уште не е завршена. Во Ефешаните 2:21 читаме: "расте во свет храм во Господ". Колку повеќе луѓето го слушаат Евангелието и веруваат во Господ Исус Христос, тие стануваат **"живи камења"** во Црквата. Ти и јас можеме да ѝ помогнеме на Црквата да расте, ако ја шириме Добрата Вест за спасение и да им помогнеме на луѓето да Го запознаат и сакаат Господ Исус. Можеш ли да го споделиш Евангелието со некој пријател, како ова момче на сликата? Јас знам дека овде има некои момчиња и девојчиња кои, можеби, никогаш досега вистински не го побарале Христос да биде нивни личен Спасител и Господ. Никогаш не сте ја ставиле целосно вашата вера во Него.

Можеби досега сте мислеле дека, ако повре-

мено одиш в црква во неделите, тоа е сѐ што е потребно. Не, тоа што навистина е потребно е ти да веруваш во Христос, да побараш од Него да биде твој Спасител и Господ. Тогаш ќе знаеш дека твојот живот е изграден врз Него, и ти ќе бидеш спасен. Прифати Го денес, како твој Господ и Спасител! Тогаш Христос ќе биде цврстиот темел на твојот живот и ти ќе припаѓаш на Црквата на Господ Исус Христос.

Сега ќе зборуваме за четвртата слика на Црквата. Ајде пак да прочитаме еден стих и види дали можеш да ја посочиш. Прочитај Ефешаните 2:19: "Затоа вие не сте веќе туѓинци и придојдени, туку сте сограѓани на светиите и Божјото семејство". Тоа не е толку едноставно, но, ако размислиш за последните зборови: "Вие сте од Божјото семејство" - тоа нѐ учи дека Црквата е како едно големо **СЕМЕЈСТВ**О. Ако ние сме Божји деца, тогаш ние сме Негово семејство.

**СЛИКА 1-7**

Нема христијанин којшто е туѓинец или странец за Бог. Тој многу добро нѐ познава сите и нѐ сака како дел од Неговото семејство. Ако ние Го сакаме Господ Исус Христос, ние, исто така, ќе ги сакаме и другите христијани, кои се во Црквата. Тие се како браќа и сестри од исто семејство, со Бог како наш Небесен Татко.

Момчиња и девојчиња, навистина е така. Каде и да патувате во светот, кога ќе сретнете друг христијанин, тоа е исто како да се сретнеш со брат или со сестра. Имате ист Татко, двајцата го сакаме Божјото Слово, двајцата сакате да му угодувате на Бог од ден на ден! Двајцата очекувате еден ден да бидете на Небото. Навистина не е важно дали христијанинот со кој ќе се сретнете е од Африка, Европа, или Америка - тој со вас е дел од Божјото семејство. Не е многу важно, ако се нарекува баптист, презбитеријанин, методист или пентекосталец. Важното е тоа дека тој ја ставил својата вера во Исус Христос како свој личен Господ и Спасител и дека неговите гревови се простени. Тоа, исто така, го прави дете Божјо. Нели е прекрасно да припаѓаш на едно такво големо семејство, на коешто му припаѓаат луѓе од целиот свет?

**СЛИКА 1-8**

Учителе: Малата вежба што следи е еден добар начин да го повториш и примениш тоа што си го поучувал. Меѓутоа, ако децата се мали и неуморни, можеби ќе сакаш да ја прескокнеш и да завршиш со четирите практични прашања на крајот.

Сега учевме за различни начини на кои Библијата ја прикажува Црквата. Кои се тие? Црквата е како м ... м ... м ... м ... *(Тело, Невеста, Зграда и Семејство)*. Ќе ви дадам некои зборови и вие ќе ми кажете која од овие четири слики најмногу соодветствува на зборот. На пример, ако кажам "љубов", можеби, ќе одговориш: "Тоа најмногу соодветствува на 'Невеста', бидејќи Исус ја љуби Црквата како Своја невеста". Или, можеби, ќе кажеш "љубовта" најмногу соодветствува на "семејството", бидејќи Бог ја љуби Неговата Црква како децата во едно големо семејство". Или, можеби, ќе кажеш "љубовта" најмногу соодветствува на "семејството" бидејќи ние, како христијани, треба да ги сакаме сите други христијани, бидејќи сите ние сме дел од истото семејство". Дали разбравте? Добро, еве ги зборовите. Дигни рака за да одговориш и кажи зошто мислиш дека зборот соодветствува на една од сликите за Црквата.

**"ПОСЛУШНОСТ"**

(може да е **"тело"** - членовите мораат да ѝ се послушни на **"Главата"** може да е **"семејство"** - децата мораат да му се послушни на **"Таткото"**.)

**"РАСТЕЊЕ"**

(може да е **"тело"** - тоа е живо и затоа расте, може да е **"зграда"** - која сѐ уште е незавршена и расте кон завршувањето).

**"РАБОТА"**

(може да е **"тело"** - секој дел врши некоја работа).

**"СВЕТОСТ"**

(може да е **"зграда"** - тоа е свет храм во кој живее Бог.)

**"ТИМСКА РАБОТА"**

(може да е **"тело"** - сите членови треба заедно да работат за една иста цел, може да е **"семејство"** - како што сите членови треба заедно добро да живеат и работат.)

Ајде сега ова да го направиме на обратен начин. Јас ќе ви го кажам описниот збор, а вие ќе ми кажете два збора што соодветствуваат на него.

**"тело" "семејство" "зграда" "невеста"**

Добро е! Беше прекрасно! Еве сега 4 прашања со кои ќе завршиме. Размисли за нив!

1. Како дел од "Телото - Црквата", дали си му послушен на Исус кој е Главата?
2. Како дел од "Невестата", дали го сакаш Господ, како што треба?
3. Како дел од "Зградата", дали си едно свето место за Бог да живее во него?
4. Како дел од семејството, дали покажуваш пријателство и разбирање кон другите христијани како кон твои браќа и сестри?

Учителе, можеш на децата да им ја објасниш идејата со кутијата за прашања и да ги поттикнеш да ставаат внатре прашања на кои сакаат да добијат одговор за време на шестиот час.

## НЕКОИ СТИХОВИ ЦИТИРАНИ ВО ОВАА ЛЕКЦИЈА

Можеш да направиш фотокопии од оваа страница, за барем повозрасните деца да можат лесно да ги најдат стиховите и да учествуваат во нивното читање.

**Римјаните 12:4,5**
"Како што во едно тело имаме многу органи, а сите органи немаат иста функци-ја, така и ние, кои сме многу, сме едно тело во Христос, а како поединци - сме органи еден на друг".

**1. Коринќани 12:14-16**
"Зошто телото не се состои од еден орган туку од многу. Ако ногата рече: 'Бидејќи не сум рака, не му припаѓам на телото', тоа не ја прави да не биде дел од телото. И ако увото рече: 'Бидејќи не сум око, не му припаѓам на телото', тоа не го прави да не биде дел од телото".

**Ефешаните 5:23**
"Христос е глава на црквата, и Тој е Спасителот на телото!"

**Откровение 19:7**
"Да се радуваме, да се веселиме и да Му оддадеме слава, зашто дојде свадбата на Јагнето и Нејзината невеста се подготви".

**Ефешаните 5:25**
"Мажи, љубете ги своите жени, како што и Христос ја засака Црквата и се предаде Сам Себеси за неа".

**Ефешаните 2:20,21**
"Вие сте наѕидани врз основата на апостолите и пророците, а темелниот камен е Самиот Христос Исус, во Кого целата стројно составена зграда расте во свет храм во Господ".

**Ефешаните 2:22**
"Врз кого и вие во Духот заедно се соѕидувате во Божјо живеалиште".

**Ефешаните 2:19**
"Затоа, вие не сте веќе туѓинци и придојдени, туку сте сограѓани на светиите и Божјото семејство".

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ НА ЛЕКЦИЈАТА 1

1. Кои беа четирите описни зборови што ги најдовме во Библијата и што ја опишуваат Црквата?
2. Именувај три делови од човечкото тело и кажи зошто е важен секој од нив.
3. Зошто е толку важно членовите на телото да Му се послушни на Христос кој е Главата?
4. Според твое мислење, зошто Бог ја споредува Црквата со Невеста?
5. Каде е прекрасниот дом во којшто Христос Младоженецот ќе ја земе Црквата, Неговата Невеста?
6. Како човекот станува "жив камен" во Божјиот храм?
7. Дали секој е член на Божјото семејство? Зошто да, или зошто не?
8. Какви убави нешта откриваш кога разговараш со христијанин кој порано не си го познавал?

# ЛЕКЦИЈА 2
## *ЦРКВАТА ВО ЕРУСАЛИМ*

- славење; грижа, молитва

**ТЕКСТОВИ ШТО УЧИТЕЛОТ ТРЕБА ДА ГИ ПРОЧИТА И ПРОУЧИ:**

Дела 2:40-47; Дела 6:1-7; Дела 12:1-19; Ефешаните 5:18-21

**СТИХ ЗА УЧЕЊЕ НАПАМЕТ**

"Христос е глава на црквата, и Тој е Спасителот на телото" (Ефешаните 5:23).

Децата можат гласно да ги читаат стиховите како што правеа во првата лекција.

**ОСНОВНА ВИСТИНА**

Бог сака неговите деца да одат в црква.
**ЦВС:** Посетувај црква и учествувај во тоа што го прави црквата.

**ПОЧЕТОК**

Што сакате да правите кога сте заедно со вашите пријатели?

**ТЕК НА ЛЕКЦИЈАТА**

2-1 Првите христијани во Ерусалим се собирале заедно за славење - Дела 2
2-2 Бог сака ние денес како црква да Го славиме и обожаваме Него. ЦВС
2-3 Во првата црква во Ерусалим имало многу луѓе со потреби. Дела 6
2-4 Избирањето на 7 ѓакони.
2-5 Грижата за луѓето со потреби преку црквата денес. ЦВС.
2-6 Црквата во Ерусалим се собира да се моли за Петар. Дела 12
2-7 Ангелот го ослободува Петар.
2-8 Бог сака ние да се молиме како црква. ЦВС.

**ВОВЕД**

Кога сте заедно со вашите пријатели, кои се некои од работите што сакате да ги правите со нив? *(Дозволи им на децата да одговорат. Тие, можеби, ќе предложат работи како зборување, играње, слушање музика, одење на прошетки итн.)*

Дали се сеќавате дека во нашата последна лекција ние зборувавме за Црквата? Што/или која е Црквата? Таа е составена од луѓето коишто го сакаат Господ Исус Христос. Овие луѓе често се собираат заедно во неделите и во некои други денови од неделата. Денеска ние ќе научиме зошто Црквата се собира заедно.

**СЛИКА 2-1**

Зошто христијаните се собираат заедно како црква? Ние најдовме една од причините кога читавме за првата црква. Оваа црква се создаде откако Господ Исус умре, воскресна и се врати назад на Небото. Иако Исус ги напушти Неговите ученици, за да се врати назад во Својот небесен Дом, Тој им го даде Светиот Дух, за тие да не се чувствуваат толку осамени без Него. Тие беа полни со радост и често се собираа во Ерусалим со други луѓе коишто го сакаа Господ Исус Христос. Што правеа тие? Ајде да прочитаме Дела 2:47 и да видиме: "Го славеа Бог и беа мили кај целиот народ. А секој ден Господ ги придодаваше оние кои се спасуваа". Дали знаеш што значи овој стих? Што правеа христијаните? Го славеа Бог. А што правеше Бог? Секој ден Господ ги придодаваше на црквата оние кои се спасуваа. Ајде поподробно да видиме што правеа христијаните. Што значи да го **"славиш Бог"**? Тоа значи да мислиш за Бог со љубов и почит *(длабоко почитување)* и да Му благодариш затоа што Тој е толку добар и љубезен. Тоа значи да кажеш: "Те љубам Боже, бидејќи ти си толку добар, толку силен, толку моќен". Дали знаеш некој друг збор со исто значење? Ајде овде да го погледнеме нашиот анаграм. Зборот ја содржи буквата **"е"** и се состои од 7 букви. Што мислиш? Ти треба ли помош? Почнува со **"с"**. Точно, зборот е **"славење"**. Најважната причина зошто христијаните се собираат заедно е да Го слават Бог.

Како ти го славиш Бог? Ефешаните 5:19, одговара на ова прашање. Еден начин да се слави Бог е да се пеат песни кои кажуваат кој е Бог и што Тој направил. Првите христијани во времето на Новиот завет, веројатно, ги пееле псалмите. Некој напишал музика за псалмите во кои се пее за тоа кој е Бог и што Тој направил.

**СЛИКА 2-2**

Кога одите в црква во недела наутро, ќе забележите дека дел од времето се поминува во пеење - исто како што ние овде правиме во нашиот христијански клуб. Пеењето не е замислено да го пополни времето меѓу молитвата и лекцијата, туку да ни овозможи вистински да Му благодариме и да Го славиме Бог од нашите срца. Додека ги пееш црковните песни треба да запомниш дека ти Му пееш на Бог. Дали забележа кога пред некој миг прочитавме од Ефешаните 5:20, дека се вели: "Пеејќи Му на Господ и воспевајќи Го во своето срце"? Бог сака да го слушне твоето славење, ако тоа навистина доаѓа од твоето срце. Иако понекогаш Бог мора да е тажен кога гледа мажи и жени, момчиња и девојчиња кои пеат прекрасни зборови на славење, но не размислуваат за нив. Тие дури не размислуваат ни за Бог. Можеби, гледаат наоколу, или само ги изговараат зборовите, а размислуваат за нешто сосема друго, како, на пример, што има за вечера или на играта што имаат намера да ја играат попла-

днето. Славењето е најважниот дел од службата во црквата. Кога одиш в црква треба да запомниш дека ти си таму да Му "дадеш" нешто на Бог и една од работите што трба да Му ја дадеш Нему е славењето.

Така, следниот пат кога ќе пееш христијански песни запрашај се, што значат зборовите? Дали јас навистина верувам во нив и дали јас навистина сакам да ги кажам? Тогаш весело и од срце пеј ги песните. Со ова што го правиш ти Му кажуваш на Бог дека Го сакаш и Го славиш него. Можеби ти денес си овде, но не одиш в црква бидејќи не Го познаваш и сакаш Господ Исус како твој Спасител. Можеби сакаш твоите гревови да се простени, но не знаеш што да направиш. Те молам, дојди да зборуваш со мене на крајот на часот. Навистина би сакал да ти помогнам.

Пеењето духовни песни во недела наутро не е единствениот дел од службата во црквата. Најчесто се одвојува и време за молитва. Понекогаш тоа е проповедникот или пастирот кој води во молитвата, другпат се молат повеќе луѓе. Речиси секогаш, дел од овие молитви е славење-размислување за Бог, кажувајќи Му колку е Тој прекрасен. Тој е семоќен и мудар, вечен и совршен. Дали го славиш Господ за време на молитвата? Ако го правиш тоа, Бог со радост ќе го прими твоето славење и обожавање. Тој мора да е многу тажен кога Неговите деца не Го почитуваат, кога во тоа време размислуваат на нешто друго. Сега, ајде да разгледаме една друга причина зошто црквата се собира заедно, и ние ќе можеме да пополниме друг збор.

Во Ерусалим, учениците на Господ Исус *(апостолите)* го проповедале Евангелието во секоја пригода. Светиот Дух работел преку нивните зборови и стотици и стотици луѓе се спасувале. Црквата станала многу голема, со сè повеќе луѓе кои ѝ се приклучувале секој ден. Меѓу новите христијани имало богати и сиромашни луѓе. Богатите луѓе Му биле толку благодарни на Господ за сето тоа што Тој го направил за нив - што ги спасил и ги направил Негови деца, што тие сакале да ја покажат нивната љубов кон Бог, со тоа што им помагале на другите христијани кои биле сиромашни.

**СЛИКА 2-3**

Ајде да прочитаме што правеле христијаните. Дела 2:44.45: "А сите оние кои поверуваа, беа заедно и сè им беше заедничко. И ги продаваа своите сопствености и имоти и тоа го споделуваа со сите, секому според неговата потреба". Овие луѓе биле особено загрижени за вдовиците и сирачињата. Можете ли да ми кажете зошто тие би биле загрижени за вдовиците и сирачињата? *(Дозволи им на децата да одговорат)*. Да, бидејќи таткото на семејството умрел, и немало никој кој можел да работи и заработува пари, за тие да можат да купат храна, облека и други неопходни работи. Тоа било работа на апостолите, да се уверат дека парите дадени за сиромасите, вдовиците и сирачињата ги добиваат вистинските луѓе. Меѓутоа, црквата се зголемила толку брзо и имало толку многу луѓе со потреби, што апостолите немале време правилно да ја организираат работата и да бидат сигурни дека секој ја добива помошта што му е потребна. Изгледало дека некои од вдовиците биле заборавени.

**СЛИКА 2-4**

Што мислиш што направила црквата за решавање на овој проблем? Ајде да прочитаме во Дела 6:3,4 и ќе ги најдеме одговорите на две прашања:

Како се реши овој проблем? Откако било најдено решението, како апостолите можеле да поминуваат најголем дел од своето верме? "Затоа, браќа, изберете меѓу себе седум мажи, со добар углед, полни со Светиот Дух и мудрост, на кои ќе им ја довериме таа обврска, а ние и натаму ќе им се оддадеме на молитвата и на службата на словото".

*(Одговорете на прашањата)*

Биле избрани седум мажи и нивната работа била да им помагаат на луѓето со потреби - на вдовиците, сирачињата, сиромасите и болните.

**СЛИКА 2-5**

И денес во повеќето цркви, исто така, има мажи кои ја вршат оваа работа, иако во секоја црква нема по седум такви мажи. Ако црквите се многу големи, тие имаат повеќе од 7 такви мажи, но, ако црквата е помала, тие ќе имаат помалку од 7 такви мажи. Дел од нивната работа е да надгледуваат дали црквата се грижи за оние кои имаат потреба. Ајде да го погледнеме нашиот анаграм. Кој збор би можел накратко да ја прикаже оваа работа на црквата? Дали овде го забележа зборот кој почнува со буквата **"г"**? Да, тој збор е да се **"ГРИЖИШ"** - друга причина поради која една црква се собира заедно е да се грижи еден за друг. Ние, коишто сме христијани сме Му благодарни на Бог дека се грижи за нас. Ние знаеме дека Бог толку многу нè сака, што Го прати Неговиот возљубен Син да умре за нас, за да можат нашите гревови да бидат простени и ние да можеме да имаме вечен живот. Од ден на ден Бог се грижи за нас, давајќи ни здравје, сила, храна, облека, родители и добри пријатели кои што нè сакаат. Бидејќи Бог нè сака и се грижи за нас, ние треба да се грижиме за луѓето кои се сиромашни, кои имаат потреби и коишто имаат помалку од нас. Оваа е една до причините зошто ние сакаме нашата црква да помага на сите оние кои имаат проблеми и потреби. Како црквата денес им помага на луѓето кои имаат проблеми или потреби?

Еден начин е кога луѓето од црквата пазару-

ваат за некоја постара госпоѓа која живее сама. Друг начин е да посетуваш болни луѓе во болница; други помагаат со тоа што испраќаат сиромашни деца во камп за добро да се одморат. Потоа постои можност на сиромашни семејства да им се дадат подароци за Божиќ.

Понекогаш ние слушаме за страводни несреќи како војна, земјотреси и глад. Во такви времиња црквата може да собира посебна помош во пари или облека, храна и лекови, за да им испрати на луѓето во таа земја, кои сега се гладни и без дом.

Кога христијаните во црквата работат заедно на овој начин, тие можат да прават многу работи и да се грижат за многу луѓе со потреби. Бог ни кажува дека црквата треба да дава - славење, обожавање и грижа за другите. Но, ако еден христијанин сака да биде сам и не му се оди в црква, како тогаш тој може да се грижи за тие кои имаат потреба? Дури како би знаел кој има потреба? Така е многу потешко да им се помага на другите.

**СЛИКА 2-6**

Сега, ајде за нашиот анаграм да го побараме зборот што ја содржи буквата **"о"**. Буквата **"о"** е меѓу првите букви на зборот, но не е првата буква. Дали некој погодува? Претходно го спомнавте накратко. Ајде да продолжиме и видете дали можете да го откриете.

Во Дела, глава 12, читаме за случката како Петар бил ставен в затвор поради проповедање на Евангелието. Цар Ирод имал намера наскоро да го убие. Петар бил чуван од шеснаесет војници во затворот во Ерусалим. Овој затвор имал цврсти камени ѕидови и железни порти, така што било невозможно некој да побегне.

Но, надвор од ѕидовите на овој затвор, во една куќа во Ерусалим се случувало нешто многу важно. Црквата се собрала заедно во таа куќа и тие ја правеле оваа многу важна работа. Можете ли да погодите што било тоа? Да ве потсетам, зборот ја содржи буквата "о"! Ајде да прочитаме од Дела 12:5: "И така, Петар..." Да, тој збор е **"молитва"**. Христијаните се собрале заедно да се молат. Тие продолжиле да Му се молат на Бог и барале од Него да го ослободи Петар од затворот и да не му дозволи на цар Ирод да го казни со смрт или да го убие Петар. Ирод имал намера да го направи токму тоа следниот ден.

**СЛИКА 2-7**

Бог ги слушнал нивните молитви и Тој им одговорил на еден прекрасен начин. Во текот на ноќта кога Петар спиел во неговата ќелија, наеднаш бил разбуден од еден ангел. Голема светлина засветела во затворот, но војниците кои го чувале Петар спиеле. Веригите што го поврзувале Петар за војниците паднале на земја. Ангелот му рекол на Петар: "Препаши се и обуј си ги сандалите" и почнал да го води Петар низ ходниците на затворот. Најпосле тие пристигнале до големата железна порта што водела надвор кон улицата на градот. Петар, сигурно, се прашувал: "Што ќе се случи сега?" Но, големата железна порта се занишала и сама се отворила, а ангелот и Петар поминале низ неа. Петар бил слободен! Тој можел да побегне и да оди и да им каже на неговите пријатели за тоа што се случи. Тој не беше убиен од Ирод и продолжи да го проповеда Евангелието уште многу години. Бог кога го направи ова големо чудо? Кога целата Црква се собра заедно да Му се молат Нему. Бог сака црквата да се моли. Бог дури дал едно посебно ветување во Библијата за христијаните кои се молат заедно. Ајде да прочитаме од Матеј 18:20. "Зошто каде што се двајца или тројца собрани во Мое име, таму Сум и Јас меѓу нив".

**СЛИКА 2-8**

Често христијаните одат еднаш неделно в црква да се молат заедно. На молитвените состаноци тие пеат една или две христијански песни, читаат малку од Библијата и потоа остатокот од времето го поминуваат во молитва кон Бог.

За време на молитвата тие му благодарат на Бог за сета Негова добрина и љубов. Тие се молат за луѓето кои имаат потреби и проблеми - тие кои се немоќни, стари, сиромашни, како и за тие кои се болни и кои се в болница. Тие се молат за тие кои не се спасени и за тие кои го проповедаат Евангелието во оваа земја и надвор. Прекрасно е како Бог одговара на молитвите на Неговата Црква.

*(Учителе, изостави го следниот пасус, ако не е соодветен за потребите на твоите деца).*

Понекогаш, кога немаш многу домашна работа, можеби би сакал да одиш на молитвениот состанок во твојата црква. Ако Го познаваш Исус Христос како твој Спасител, тогаш ти ѝ припаѓаш на Божјата црква и Тој сака ти да се собереш заедно со другите верници и да се молиш. Можеби би сакал да одиш на молитвениот состанок во нашата црква. Јас би бил многу среќен да те земам со мене. Ние се собираме заедно во _____ навечер *(учителе, одреди го соодветниот ден)*. Момчињата и девојчињата се посебно добредојдени и тие од вас кои Го сакаат Господ Исус можат да учествуваат и во молитвата.

Ако си христијанин, Господ би сакал ти да одиш в црква во неделите. Тој не сака ти да одиш по навика или само да седиш таму. Тој сака ти да одиш подготвен да даваш, исто како што правеле христијаните во Ерусалим. Тие даваа за Бог, славејќи Го, грижејќи се за другите и молејќи се за другите.

Дали ќе одиш во црква оваа недела? Се надевам дека ти ќе побараш од Бог да ти овозможи да бидеш таму.

Како што научивме, Црквата е едно семејство

-семејство составено од мажи и жени, момчиња и девојчиња кои Го побарале Исус Христос да биде нивни Спасител. Ова е едно семејство кое се грижи, љуби и се моли еден за друг.

Дали си ти дел од Божјото семејство? Ако не си поверувал во Господ Исус како твој Спасител, ти не си дел. Одврати се денес од твојот грев и стави ја својата вера во Христос. Тој ќе ти прости и ќе те прифати како Негово дете. Во Неговиот Збор Тој кажува дека им даде право да станат Божји деца - на тие кои веруваат во Неговото име "Јован 1:12".

## НЕКОИ ОД СТИХОВИТЕ ЦИТИРАНИ ВО ОВАА ЛЕКЦИЈА

*(Можеби ќе сакаш да направиш фотокопии од оваа страница за да им дадеш на твоите ученици да ја користат за време на часот.)*

**Дела 2:47**
"Го славеа Бог и беа мили кај целиот народ. А секој ден Господ ги  придодаваше оние кои се спасуваа".

**Ефешаните 5:19**
"Зборувајќи си со псалми, химни и духовни песни, пеејќи Му на Господ и воспевајќи Го во своето срце".

**Дела 2:44,45**
"А сите оние кои поверуваа, беа заедно и сѐ им беше заедничко. И ги продаваа своите сопствености и имоти и тоа го споделуваа со сите, секому според неговата потреба".

**Дела 6:3,4**
"Затоа, браќа, изберете меѓу себе седум мажи, со добар углед, полни со Светиот Дух и мудрост, на кои ќе им ја довериме таа обврска, а ние и натаму ќе им се оддадеме на молитвата и на службата на Словото".

**Дела 12:5**
"Петар го чуваа во затворот, а црквата постојано Го молеше Бога за него".

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ НА ЛЕКЦИЈАТА 2

1. Што значи **"славење"**?
2. Има најмалку две работи што христијаните треба да ги прават кога заеднички се пее песна. Кои се тие? *(Да мислат на тоа што го пеат и да Му пеат на Бог).*
3. Кажете две работи што христијаните не треба да ги прават кога проповедникот води во молитва.
4. Што направиле богатите христијани во црквата во Ерусалим за да им помогнат на сиромасите? Како биле наречени мажите кои биле определени да им помагаат на луѓето со потреби?
5. Колку мажи биле определени да им помагаат на сиромашните луѓе?
6. Кога овие мажи биле сигурни дека луѓето со потреби се згрижени, на кои две работи се концентрирале апостолите?
7. Наведете три примери како црквата денес се грижи за луѓето со потреби.
8. Каде бил Петар кога црквата се молеле за него и зошто тој бил таму?
9. Како Бог одговорил на нивните молитви?
10. За какви луѓе се молиме на молитвениот состанок во црквата?

# ЛЕКЦИЈА 3
## *ЦРКВАТА ВО АНТИОХ*

- ширење на Евангелието

### ТЕКСТОВИ ШТО УЧИТЕЛОТ ТРЕБА ДА ГИ ПРОЧИТА И ПРОУЧИ

Дела 11:19-30; 13:1-4; 1. Коринќаните 16:1; 2. Коринќаните 9:6,7; 2. Коринќаните 6:2.

### СТИХ ЗА УЧЕЊЕ НАПАМЕТ

"Христос е Главата на црквата и Тој е Спасителот на телото" Ефешаните 5:23

### ПРЕДЛОЗИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ВО УЧЕЊЕТО

Откако го претстави тоа што ќе го поучуваш, децата од групата би можеле да претстават една мала сцена. Некои деца поканууваат едно свое другарче, кое е нов христијанин, да дојде со нив в црква. Тој е малку неволен да оди и бара некакви извинувања, но тие му кажуваат колку е важно да се оди в црква и да се биде вклучен во неа. Тие ќе ги наведат некои од причините дадени во претходните две лекции.

Ако групата е поголема, подели ги децата во две или три помали групи. Секоја група го игра истиот мал скеч и на крајот сите гласаат за да решат која група најдобро ја извршила задачата во убедувањето на детето, кое е нов христијанин, да оди со нив в црква.

### ОСНОВНА ВИСТИНА

Како дел од Црквата, Божјите деца треба да го споделуваат Евангелието со другите.

**ЦВС:** Посетувај црква и сподели го Евангелието со другите.

**ЦВН:** Слушај го и прими го Евангелието кое се поучува.

**ПОЧЕТОК**

Дали се сеќаваш на трите работи што ги учевме минатата недела за црквата?

*(Направи едно повторување, и покажи го повторно анаграмот **"НАШАТА ЦРКВА"**)*

**ТЕК НА ЛЕКЦИЈАТА**

3-1 Првите христијани проповедаат во Антиох. Дела 11.
3-2 Бог сака црквата денес да го проповеда Евангелието: Објаснување на Евангелието: ЦВН
3-3 Илустрација на силата на Евангелието - ЦВН.
3-4 Пророците во Антиох пророкуваат за гладот. Дела 11.
3-5 Црквата во Антиох дава за христијаните во Ерусалим.
3-6 Некои од Божјите поуки за давањето - ЦВС.
3-7 Црквата во Антиох ги испраќа Павле и Барнаба како мисионери - Дела 13.
3-8 Бог сака денешните цркви да бидат вклучени во мисија - ЦВС.

**ВОВЕД**

Сте ја слушнале ли приказната или басната како ветерот еден студен ден решил да се обиде да натера еден човек да го соблече својот мантил?

Ветерот почнал да дува колку што можел посилно. Сепак, човекот не го соблекол својот мантил. Така, ветерот дувал сè посилно и посилно во несреќниот човек. Но, колку што посилно дувал ветерот, толку повеќе човекот го држел својот мантил и го замотувал околу себе. Колку што повеќе студениот ветер завивал, толку бил човекот порешителен да го држи својот мантил. Тоа е малку слично на тоа што им се случуваше на христијаните во Ерусалим. Страдањето им доаѓало како студен ветер, но колку посилно и постудено дувал, толку повеќе тие биле решени да живеат со Господ Исус и да им кажуваат на другите за Него.

Истовремено додека Петар бил во затворот во Ерусалим, другите христијани, исто така, страдале. Некои од нив биле тепани и ставани в затвор, а други биле дури и убивани. На пример, еден човек кој се викал Стефан бил каменуван до смрт, а на Јаков *(еден од учениците)* му била отсечена главата. Зошто кон овие луѓе се однесувале толку лошо? Така било бидејќи тие го сакале Господ Исус Христос и го проповедале Евангелието.

**СЛИКА 3-1**

Сепак, другите христијани, сакајќи да побегнат од прогонството, бегале во другите градови. Таму тие го проповедале Евангелието и живееле за Господ Исус. Така Евангелието се проширило во околните градови и држави.

Некои од тие христијани патувале долго за да пристигнат во еден голем град северно од Ерусалим. Името на градот било Антиох. Иако кон нив се однесувале сурово, бидејќи Му служеле на Господ Исус во Кипар и Киринеја, овие луѓе не престанале да зборуваат за Него и да го проповедаат Божјото Слово на луѓето во Антиох, кои порано немале слушнато за тоа. Дали мислите дека луѓето од овој град полн со грев, го слушале Евангелието? Ајде да прочитаме во Дела 11:21: "А Господовата рака беше со нив па голем број кои поверуваа се преобратија кон Господ". Колку прекрасно! Многу луѓе слушнале и биле спасени. Всушност, многу луѓе

се спасиле и црквата се ширела толку брзо, така што двајцата видни проповедници требало да отидат да помогнат. Тие се викале Барнаба и Павле. Овие двајца проповедници продолжиле да проповедаат и да поучуваат во тој град. Можете ли да ги замислите како проповедаат на плоштадите, улиците, во куќите на луѓето и насекаде каде што луѓето би го слушале Евангелието? Барнаба и Павле ја користеле секоја поволна пригода да поучуваат за Господ Исус Христос.

**СЛИКА 3-2**

Од овие луѓе ние учиме една друга важна работа што христијаните ја вршат како црква. *(Зборот што го бараме во средината ја содржи буквата* **"в"***).* Можете ли да се сетите кој е тој збор? Тоа е зборот **ПРОПОВЕДА**. Всушност, проповеда значи да го објавуваш или разгласуваш Евангелието за Господ Исус Христос. Бог ѝ ја дал на црквата работата да го проповеда Евангелието на мажи, жени, момчиња и девојчиња, за тие да го запознаат Господ Исус Христос и да поверуваат во Него за спасение.

Најчесто Евангелието се проповеда во недела, за време на службите во црквата. Другпат пак, црквите имаат посебни една или две недели за евангелизациски состаноци кои се нарекуваат **"мисии"**. Друг начин да го проповедаш Евенгелието е кога христијаните понекогаш излегуваат на улиците и во парковите и одржуваат евангелизациски состаноци.

Пред да ја споделиш пораката на Евангелието со другите, треба да бидеш сигурен дека си го разбрал и го исполнуваш самиот. Во Библијата Бог ти кажува да се свртиш од твоите гревови и да поверуваш во Господ Исус да биде твој Спасител. Ако го направиш тоа, Бог ветува дека ќе ги избрише *(поништи)* твоите гревови *(Дела 3:19)*. Зошто ни е потребно да ни се избришани нашите гревови? Зошто се тие толку лоши? Гревовите што ги правиме - кога ги лажеме нашите мајки, кога ги препишуваме одговорите во домашната работа по математика од некој друг и ги прикажуваме како свои, кога посакуваме нашиот брат или сестра да припаѓа на некое друго семејство - се гревови против Бог. Бог нам ни ги дал Неговите заповеди. Кога ние не сме Му послушни, тогаш ние Му велиме: "Сакам да биде по мое, не по Твое".

Казна за гревот е одвојувањето од Бог. Ние **СИТЕ** згрешивме и тргнавме по свој пат. Ние дури сме грешници од раѓање, кои сакаат да одат по свој пат. Сепак, Бог е полн со љубов и милост. Тој знаел дека постои само еден начин да ни се простат нашите гревови. Божјиот Син, Совршениот, требало да умре поради нашите гревови и да воскресне од мртвите *(1. Кор. 15: 3,4)*. Во Библијата се кажува: "Покајте се и обратете се, за да ви бидат избришани гревовите" *(Дела 3: 19)*. **"Покајание"** значи да го признаеш својот грев и да бидеш подготвен за Господ да го смениш својот живот. **"Да се обратиш"** значи да се откажеш од твојот грев и да се свртиш кон Господ, верувајќи Му дека те спасува од твојот грев. Кога го правиш тоа, Господ Исус Христос ти ги простува и ти ги одзема твоите гревови. Тогаш ти не си веќе одвоен од Бог. Тој те прави Негово дете и ти помага да си Му послушен. Дали некогаш си побарал од Господ да те спаси? Направи го тоа денеска. Тој ќе те спаси.

Ако си спасен, тогаш ќе имаш желба твоите неспасени пријатели, како и членовите на твоето семејство да го слушнат Евангелието. Можеш да ги донесеш в црква, или на некој посебен евангелизациски состанок. Нема ли да биде прекрасно, ако Господ те искористи тебе да донесеш еден од нив кај Христос!

Пред повеќе години во земјата Полска живеело едно момче кое се викало Чеслав. Неговите родители биле вистински христијани кои го сакале Бог, но Чеслав не бил таков. Тој често морал да ја слуша пораката на Евангелието бидејќи неговите родители му кажувале за Христовата љубов. Мајка му на Чеслав се молела клечејќи на колена многу, многу пати, за нејзиниот син да го запознае Господ и да се спаси од својот грев. Родителите на Чеслав дури имале и состаноци во неделите во нивниот дом каде се проповедало Евангелието и луѓето од градот се собирале заедно да го слават Господ. Тоа го правело Чеслав многу лут. Всушност, тој толку се налутил што една недела решил да постави бомба во куќата. Чеслав во училиштето, научил нешто од хемијата и решил дома да направи бомба. Внимателно ја подготвил и ја поставил во визбата подготвена да експлодира кога христијаните ќе се состанат таму. Бомбата експлодирала, но не била доволно моќна за да повреди некого. Кога Чеслав се вратил во својата куќа дознал дека бомбата делумно ја оштетила куќата, но, сепак, тој не можел да ги спречи христијаните да се собираат и да го слават Господ.

По неколку години, Чеслав отишол во летен камп. Тој не знаел, но тоа бил камп за млади луѓе воден од христијани. Во тој камп тој повторно, јасно претставено, го слушал Евангелието. Се случило нешто прекрасно. Бог го омекнал неговото тврдо срце и Чеслав побарал од Бог да му прости за неговиот грев и бунтовништво. Тој поверувал во Христос и станал Божјо дете. Од тој ден поминале многу години. Чеслав е сега мисионер, кој го проповеда Евангелието на момчиња и девојчиња во Полска и во други земји во Источна и Централна Европа. Тој сега е исто толку одушевен да зборува за Господ Исус, колку што порано се противставуваше на Евангелието.

**СЛИКА 3-3**

Овде, во нашиот христијански клуб, ние ви го претставуваме истото Евангелие што Чеслав го слушнал, по што се изменил. Дали ти денес ќе

се свртиш од твојот грев и ќе дојдеш кај Господ Исус, барајќи од Него да стане твој Спасител? Тој е овде да те спаси и тебе, ако дојдеш кај Него. Ние, кои ве поучуваме и ви помагаме овде во клубот Добра Вест, сме, исто така, членови на црквата. Ние го споделуваме Евангелието со вас секоја недела. Наша најголема желба е оние од вас, коишто не го запознале Исус Христос како свој Господ и Спасител, да се спасат.

Исто како што Павле и Барнаба проповедале на луѓето во Антиох, ние сакаме истата порака да ви ја дадеме вам: "Свртете се од вашиот грев и поверувајте во Христос". Без Него, вие сте исто толку изгубени како луѓето од паганскиот град Антиох.

**СЛИКА 3-4**

Господ продолжил да ја благословува црквата во Антиох и таа станала во голема и моќна. Многу, многу луѓе, кои што никогаш дотогаш не го слушнале Евангелието, ја ставиле својата вера во Христос како свој Спасител и Господ и почнале да Му служат во црквата.

Во тие денови некои мажи слегле од црквата во Ерусалим и им зборувале на христијаните во Антиох. Со помош на неговиот Свет Дух, Бог му дал на еден од овие мажи посебна моќ да кажува за тоа што ќе се случува во иднина. Го можеме ли ние тоа? Ние не можеме да кажеме, на пример, што ќе се случи по три години од денеска. Во времето кога живееле Павле и Барнаба, Бог понекогаш им кажувал на луѓето што ќе се случи во иднина. Бог му помогнал на овој човек да може да го кажува тоа.

Тој се викал Агаб и тој ѝ кажал на црквата во Антиох дека ќе дојде време кога ќе завладее голем глад. Глад е кога нема доволно храна за сите. Агаб кажал дека луѓето кои ќе имаат најмалку храна ќе бидат христијаните од Јудеја *(областа околу Ерусалим)*. Така, црквата во Антиох решила да собира посебен доброволен прилог за да им помогнат на браќата во Јудеја.

**СЛИКА 3-5**

Ајде да прочитаме од Дела 11:29 и ќе видиме колку давале учениците и христијаните. "Тогаш учениците решија, секој според своите можности, да им испрати помош на браќата во Јудеја". Да, се вели: "секој според своите можности". Тоа значи секој давал онолку колку што можел.

И како стигнал доброволниот прилог до Јудеја? Барнаба и Павле биле посебните гласници кои го однеле доброволниот прилог до Божјите луѓе во Ерусалим и Јудеја.

Сега, можете ли да го препознаете изразот составен од два збора? Тој е во врска со давање пари. Да, тоа е давање доброволен прилог за Бог. Ние веќе зборувавме малку за ова, но Библијата многупати нè поучува да даваме од нашите пари за Бог. Овде се дадени некои едноставни, но важни правила што Бог ни ги кажува за давањето пари за Него.

**СЛИКА 3-6**

**1.** Да даваме онолку колку што можеме да дадеме *(Дела 11:29)*. Видовме како луѓето од црквата во Антиох давале онолку колку што секој бил во можност. Бог не очекува од нас да даваме многу, ако имаме малку. Ние не можеме да дадеме 100 денари, ако имаме само 50 денари. Но, ако Бог ни дал многу пари, тогаш Тој е многу задоволен, ако даваме повеќе за Него.

Бог во Библијата ни кажува да даваме за Него најмалку десеток од тоа што го заработуваме. Ако Го љубиш него и сакаш да си Му послушен, би сакал ли да почнеш да го правиш тоа? Тоа значи, ако заработуваш 500 денари, да даваш 50 денари за Господ. Ако заработуваш или ти дале 2000 денари, ти да дадеш 200 денари за Бог.

**2.** Бог сака да даваме редовно. Апостолот Павле подоцна напишал: "Во секој прв ден од неделата, секој од вас нека одdeли и остави при себеси колку што може" *(1. Кор. 16:2)*. Така, секоја недела ние треба да одвојуваме пари за Господ. Ние не Му ги даваме само парите што ќе ни останат во текот на изминатата недела, туку на самиот почеток од секоја недела, треба најнапред да ги одвоиме парите што сакаме да Му ги дадеме Нему.

**3.** Бог сака да даваме дарежливо. Ајде да прочитаме што Бог кажува во 2. Коринќаните 9:6. "Кој сее штедро *(дарежливо)*, штедро и ќе жнее". Дали разбираш што значи тоа? Тоа е како да сееш жито - колку повеќе сееш, толку пообилна ќе биде твојата жетва. Кога ние Му даваме на Бог, тоа е како да сееме Добро Семе. Колку повеќе даваме, толку повеќе ќе има добри резултати и толку повеќе Божјата работа ќе оди напред.

Можете ли да си замислите еден земјоделец како една пролет ги гледа вреќите со жито во својот амбар? Тој знае дека е време да го подготви тракторот и да почне да сее. Но, тој имал лоша жетва. Неговото жито не дало добар род. Така, тој вели: "Оваа година ќе посеам само половина од житото што обично го сеам. Јас ќе заштедам пари, со тоа што ќе посеам само шест вреќи жито, наместо дванаесет". Што ќе се случи, кога ќе дојде времето за жетва и кога тој ќе излезе да го жнее житото? Се разбира, тој ќе има многу, многу послаба жетва од обично.

Бог ни кажува дека тоа важи и кога даваме за Него. Ако даваме малку, малку и ќе примаме, благословот ќе биде мал. Божјата работа ќе биде спречена. Ако даваме дарежливо, ќе примаме многу повеќе. Ние ќе ја примиме радоста, знаејќи дека го правиме тоа што Бог сака ние да го правиме. Ние ќе го примиме задоволството, знаејќи дека им помагаме на други луѓе. Ќе примиме и многу други благослови од Бог.

**4.** Ајде да прочитаме во 2. Коринќаните 9:7 *(втор дел)*: "Бог го сака радосниот дарител". Бог сака да даваме со радост - не затоа што мораме

или од навика, туку бидејќи ние сакаме да даваме за Бог и за Неговата работа. Ние треба да даваме со радост. Кога размислуваме за сета негова љубов и добрина што Тој ни ги покажал нам, тогаш ние ќе сакаме со радост да даваме за Него, онолку колку што можеме.

**СЛИКА 3-7**

Христијаните во Антиох со радост ги давале своите пари за сиромашните луѓе во Јудеја, но наскоро, преку нивното давање, тие требало да бидат вклучени во друга важна работа.

Тие се чувствувале толку среќни зашто Евангелието дошло до нив преку тие храбри христијани од Ерусалим. Како ли само тие го славеле Бог за луѓето како Павле и Барнаба, кои толку верно го проповедале Евангелието. Но, тие почнале да размислуваат и за сите други земји околу нив, каде што луѓето никогаш не го слушнале Евангелието. Како ќе научат овие луѓе за Бог?

Бог ги водел христијаните во Антиох да донесат една многу важна одлука. Тие решиле да испратат двајца луѓе, да го проповедаат Евангелието во други градови и земји. Тоа е она што го прават **МИСИОНЕРИТЕ**.

Бог сакал црквата во Антиох да испрати двајца мисионери. Дали знаете кои биле тие? Павле и Барнаба! Можеби црквата си мислела: "Не смееме да дозволиме овие двајца големи луѓе да одат! Ни се потребни овде, во Антиох, бидејќи има многу работа". Не, тие ги испратиле најдобрите луѓе што можеле да бидат мисионери, да го шират Евангелието во други земји. Ајде да го напишеме зборот **"мисионери"** во нашиот анаграм.

**СЛИКА 3-8**

Бог сè уште сака црквата денес да испраќа мисионери, кои ќе го шират Евангелието - мажи и жени кои ќе ја носат веста за Господ Исус до луѓето кои никогаш не слушнале за Него; луѓе кои живеат во големи градови, на планински висорамнини, во шатори во пустински места, или кои живеат покрај морето на некој тропски остров. Сите луѓе треба да ја слушнат Добрата Вест, за тоа како Господ Исус Христос умрел на крстот да ги спаси нив од нивниот грев.

Сигурен сум дека христијаните во Антиох кои не можеле да одат со Павле и Барнаба, се молеле за нив додека тие патувале и им дале пари, за да им помогнат да платат за нивното патување на брод преку Средоземно Море. Кој дел ќе го имаш во мисионерската работа? Нема ли да биде прекрасно, ако Бог те повика, како што ги повикал Павле и Барнаба, да го проповедаш Евангелието во некоја земја каде што има потреба? Каква привилегија! Дури и Бог да не те повикува да одиш во друга земја, ти можеш да им помагаш на мисионерите со твоите молитви и со твоето давање.

Кога ќе пораснеш и ќе станеш младинец, а подоцна маж или жена, ти повеќе нема да го посетуваш овој христијански клуб. Можеби, некои од вас ќе бидат помошници или учители. Тоа би било многу добро! Но, други нема да бидат тоа. Но, ќе бидеш ли еден работлив член во твојата црква? Ќе ѝ помогнете ли да ги врши тие работи, што црквата во Антиох успешно ги извршила многу одамна: проповедање, давање и испраќање мисионери?

*(Учителе, потсети ги децата за кутијата со прашања, која ќе биде отворена на шестата недела.)*

Овде повторете за улогата на црквата од лекциите 2 и 3. Потоа објасни ги скечовите што можат да се прикажат сега, или, по можност, наредната недела.

## НЕКОИ ОД СТИХОВИТЕ ЦИТИРАНИ ВО ОВАА ЛЕКЦИЈА

**Дела 11:21**
"А Господовата рака беше со нив, па голем број кои поверуваа се преобратија кон Господ".

**Дела 3:19**
"Затоа, покајте се и обратете се, за да ви бидат избришани гревовите".

**Дела 11:29**
"Тогаш учениците решија, секој според своите можности, да им испрати помош на браќата во Јудеја".

**1. Коринќаните 16:2**
"Во секој прв ден од неделата, секој од вас нека оддели и остави при себеси колку што може".

**2. Коринќаните 9:6**
"Кој сее штедро, штедро и ќе жнее!"

**2. Коринќаните 9:7**
"Бог го љуби радосниот дарител".

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ НА ЛЕКЦИЈАТА 3

1. До кои градови отпатувале некои христијани кои биле прогонувани во Ерусалим?
2. Кои биле двајцата големи христијански проповедници кои дошле да проповедаат во Антиох?
3. Што направила црквата во Антиох кога тие ја слушнале веста дека ќе има глад во Ерусалим?
4. Кажете ми две од четирите правила што ги учевме во врска со давањето за Бог.
5. Исто како што е давањето за Бог, која беше следната важна работа во која била вклучена црквата во Антиох?

6. На некој начин, зошто може да изгледа малку чудно што тие ги испратија Павле и Барнаба како мисионери?
7. Дали мисионерите се потребни денес? Зошто?
8. Како можеме да помогнеме во мисионерската работа?
9. Кажете ми три активности на црквата, за кои учевме минатата недела и кои ги напишавме во анаграмот "нашата црква".
10. Кажете ми ги трите активности што ги учевме оваа недела.

# ЛЕКЦИЈА 4
***ЦРКВАТА ВО ТРОЈА***

- Потсетување на Господовата смрт, проучување, заедништво

### ТЕКСТ ШТО УЧИТЕЛОТ ТРЕБА ДА ГО ПРОЧИТА И ПРОУЧИ

Дела 20:6-12

### СТИХ ЗА УЧЕЊЕ НАПАМЕТ

"Не напуштајте ги заедничките собирања, како што некои имаа обичај". Евреите 10:25

### ПРЕДЛОГ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ВО УЧЕЊЕТО

На крајот на лекцијата можеш да им разделиш фотокопии од анаграмот **"Нашата Црква"** и дозволи им да ги пополнат зборовите и да ги земат листовите дома.

Продолжи да ги поттикнуваш децата да ставаат прашања во **"кутијата за прашања"** за шестата недела.

### ОСНОВНА ВИСТИНА

Верниците растат преку заедништво со Господ и Неговите луѓе.

**ЦВС:** Испланирај да посетуваш црква, за да имаш заедништво.

**Римскиот пат** *(Ова не е дел од лекцијата).*

**ЗАБЕЛЕШКА**

Поуките за неспасеното дете не се разработени во оваа лекција. За овие деца вклучи поучување од друг дел од програмата, со тоа што ќе зборуваш за Римскиот пат.

Римјаните граделе многу патишта, што воделе од нивната престолнина до различни делови во Европа; овие патишта воделе до Рим. Во Писмото до Римјаните, во Библијата, Бог ни го покажува патот кој води до Него, за ние да можеме да бидеме заедно со Него. Има четири основни чекори што треба да се направат. Ако сакаш да ги направиш овие чекори денес и ти треба помош, ќе дојдеш ли да седнеш на едно од овие предни седишта, по завршувањето на часот?

**Чекор 1** Нашата потреба

"Зашто сите згрешија и лишени се од Божјата слава" *(Римјаните 3:23)*. Патот до Бог почнува кога ќе ја согледаш твојата потреба. Во првите три поглавја од Римјаните се зборува за тоа како секој човек, без оглед дали се обидува да биде добар или не, не ги послушал Божјите заповеди како што требало. Твојот и мојот живот не се такви како што треба да бидат. Ти си згрешил, си направил лошо и потребно ти е да ти се простат гревовите, потребен ти е Бог да ти го измени твојот живот. Дали си дошол до тој прв чекор? Дали сакаш Бог да ти прости и да те направи тоа што Тој сака да бидеш?

**Чекор** 2 Единствениот Спасител

"Но Бог ја покажа Својата љубов кон нас, со тоа што Христос умре за нас додека уште бевме грешници" *(Римјаните 5:8)*. Следниот чекор е да знаеш дека само Исус Христос може да го земе твојот грев. Тој умре на крстот и ја зеде казната за гревот, наместо нас. Додека Тој висеше таму на крстот, Бог ги стави сите наши гревови на Господ Исус. Три дена откако Тој умре, Бог Го воскресна од мртвите, да покаже дека Тој беше Неговиот Син и дека Тој плати целосно за сите наши гревови. Дали веруваш дека Исус Христос е единствениот Спасител, дека, бидејќи Тој умре и воскресна, Тој може да ти ги одземе гревовите?

**Чекор 3** Божјиот дар

"Зашто заслуженото за гревот е смрт, но бесплатниот дар од Бога е вечен живот во Христос Исус, Нашиот Господ" *(Римјаните 6:23)*. Неопходно е да сфатиме дека не можеме да направиме ништо за да станеме праведни пред Бог. Ние заслужуваме засекогаш да бидеме одвоени од Бог поради нашиот грев, но Бог ни нуди еден дар, еден нов живот, заедно со Него. Дали признаваш дека ништо не можеш да направиш да се спасиш сам себеси? Дали гледаш дека Бог сака да ти го даде како дар овој нов живот со Него и сите твои гревови да се простени?

**Чекор 4** Што да направиш

"Зашто секој кој ќе го повика Господовото име, ќе биде спасен" *(Римјаните 10:13)*. Последниот чекор е да Го замолиш Господ да те спаси и да Му веруваш дека ќе го направи тоа. Ако паднеш во една длабока дупка и не можеш да излезеш, тебе ти треба некој да те спаси. Ако некој човек погледне долу во дупката, ќе му викнеш и ќе побараш помош од Него. Така е и со Господ Исус. Ти си длабоко во твојот грев и само Тој може да те спаси. Ти треба да му кажеш на Господ во молитва: "Господе, спаси ме од мојот грев. Помогни ми да се свртам од работите со кои Ти не си задоволен". Во Библијата ни е дадено едно прекрасно ветување, ако ти тоа го направиш и тоа навистина го мислиш: Ти "ќе бидеш спасен". Господ секогаш го држи ова ветување; ти можеш да сметаш на Него. Ќе побараш ли од Него да те спаси од твојот грев? Ти можеш да го направиш тоа веднаш. Ако Господ му зборува на твоето срце, немој да одложуваш. Слушни го тоа што Бог ти го кажува во Писмото до Римјаните. Побарај од Господ да те спаси и твоите гревови ќе ти бидат простени; ти ќе бидеш заедно со Бог.

**ПОЧЕТОК**

Замисли дека си поканет на некоја роденденска забава...

4-1 Црквата во Троја се собирала заедно во недела навечер, да "раскршува леб".

4-2 Христос ја воспоставува Господовата вечера пред Неговата смрт.

4-3 Бог сака преку Господовата вечера Неговите луѓе да се потсетуваат на Христовата смрт. ЦВС

4-4 Павле проповеда во Троја до полноќ и Евтих паѓа од прозорецот.

4-5 Многу е важно да се собирате во неделите за да го проучувате Божјото Слово. ЦВС

4-6 Христијаните во Троја останувале до разденување, уживајќи во заедништвото. ЦВС

4-7 Христијанското заедништво е многу важно. ЦВС

4-8 Илустрација за огнот што се гаси кога разгорените прачки ќе се растурат.

На децата им се даваат фотокопии од анаграмот **"Нашата црква"**, за тие да можат да ги пополнат зборовите и да ги земат листовите дома.

**ВОВЕД**

Можеш ли да си замислиш дека си поканет на роденденска забава кај некој многу голем пријател. Поканет си за цел цен во куќата на твојот пријател и дел од забавата е обилното јадење што е подготвено. За главно јадење има печено пилешко, пржени компири, салата, макарони. Потоа има еден прекрасен десерт со торта и сладолед. На крајот на јадењето се прашуваш: "Што беше најдобро од ова јадење? Што ми се допадна најмногу?" Многу е тешко да се одговори, бидејќи сè беше добро.

Кога ќе почнеме да размислуваме за црквата, понекогаш донекаде се чувствуваме така. Прашуваме: "Кои се најважните работи за црквата? Кои од овие работи што ги учиме ме прават да се чувствувам најсреќен?" Па, тие се сите прекрасни и сите важни. Ајде да научиме уште нешто за црквата.

**СЛИКА 4-1**

Да се вратиме назад во Дела на апостолите, глава 20. Павле, големиот мисионер, откако заминал од Антиох, патувал многу години, проповедајќи го Евангелието на места каде што не било познато името на Господ Исус. Како резултат на тоа многу луѓе поверувале во Христос и почнале да градат мали цркви во многу градови.

Еден ден Павле дошол со брод до пристаништето во Троја. Тој и порано бил таму, но се вратил да ги посети и да им помогне на христијаните. Тој тргнал од местото каде што бил закотвен коработ и дошол до собата каде што христијаните биле собрани заедно. Кој бил тој ден од неделата? Ајде да прочитаме во Дела 20:7: "А кога во првиот ден од седмицата се состанавме да раскршуваме леб, Павле им држеше беседа".

Да, тоа бил првиот ден од неделата. Кој ден е тоа? Недела, се разбира. И зошто учениците биле собрани заедно? Да, да раскршуваат леб.

Тие подавале наоколу едно парче леб и секој од нив кршел по едно мало парче и го јадел. Зошто тие го правеле тоа? Тие го правеле тоа што Господ Исус ги учел Неговите ученици да го прават.

**СЛИКА 4-2**

Ноќта пред Господ Исус да умре, Тој ги собрал Неговите ученици на последна вечера во една горна соба во Ерусалим. Тој зел еден леб, Му заблагодарил на Бог за него и го раскршил на парчиња. Тогаш Тој им рекол на Неговите ученици: "Земете, јадете, ова е Моето тело" *(Матеј 26:26)*. Тој мислеше: "Овој леб ве потсетува на моето тело". Штом го прекрши лебот на парчиња, на еден многу јасен начин Тој им кажувал на Своите пријатели дека следниот ден Неговото тело ќе биде скршено и рането на крстот. Тој требаше да умре за нивните и за нашите гревови. Потоа Господ Исус зел една чаша со вино, заблагодарил и им ја подал на Неговите ученици, велејќи им: "Пијте сите од неа, зашто ова е Мојата крв на Заветот, која се пролева за мнозина, за проштавање на гревовите" *(Матеј 26:27,28)*.

Повторно Тој ги поучуваше дека виното што Тој им го подаде треба да ги потсетува на Неговата крв што требаше следниот ден да биде пролеана на крстот, овозможувајќи им на сите оние кои ќе поверуваат во Него да бидат спасени од нивните гревови.

Господ Исус сакаше Неговите ученици да го јадат лебот и да го пијат виното, не само тогаш во таа пригода, туку и другпат кога се собираат заедно. Тоа го правеле и христијаните во Троја. Дали мислите дека тие биле тажни, или, пак, радосни кога го правеле тоа? Тие биле навистина радосни, бидејќи преку смртта на Господ Исус, тие имале вечен живот. Истовремено, иако биле радосни за тоа што Христовата смрт им значела ним, тие биле исполнети со почит и длабоко размислување, сеќавајќи се на сето тоа што Христос го пострада поради нив.

**СЛИКА 4-3**

И ние денес во нашите цркви, исто така, се собираме заедно да го јадеме лебот и да го пиеме виното, исто како што правеле христијаните во Троја. Денес ние овој посебен собир го нарекуваме Господова вечера, односно причестување. Ние го правиме тоа за да се потсетиме на страдањата и смртта на Господ Исус Христос, кој одамна

пострада поради нас. Господовата вечера е само за оние кои навистина Го познаваат и љубат Исус Христос. Само вистинските христијани треба да учествуваат на оваа посебна служба. И додека лебот и виното се подаваат наоколу, секој христијанин треба искрено да Му заблагодари на Господ за Неговата голема љубов, што беше распнат на крстот пред две илјади години, поради нашите гревови. Се разбира, ти можеш да Му благодариш на Господ што умре за тебе, кога си во твојата соба, или на училиште, или на кое било друго место. Сепак, за време на службата кога имаме Господова вечера, ние се потсетуваме на еден многу посебен начин за смртта на Господ Исус поради нас.

Постојат разлики во тоа колку често црквите земаат Господова вечера. Во некои цркви христијаните земаат Господова вечера секоја недела, а во други цркви тоа не е толку често.

Ајде да ги напишеме зборовите **"Господова вечера"** во нашиот анаграм. Има сè уште некои зборови што недостасуваат во нашиот дијаграм.

Ајде да видиме што друго можеме да научиме од Дела 20.

**СЛИКА 4-4**

Исто како што се собирале заедно да учествуваат во Господовата вечера, христијаните во Троја имале и друга важна причина да се собираат заедно. Ајде да прочитаме во Дела 20:7 *(вториот дел)*: "Павле им држеше беседа, зашто утредента сакаше да замине. Тој продолжи со беседата до полноќ". Тие се собирале заедно да го слушаат апостолот Павле, којшто ги поучувал од Божјото Слово. Тоа им било толку интересно и на сите толку им помогнало, што оделе да го слушаат и да го проучуваат Божјото Слово со часови. Дали забележавте кога Павле конечно ја завршил својата проповед? Да, на полноќ! Тој сакал да ги поучи колку што можел повеќе, бидејќи следното утро неговиот брод ќе отпловел од пристаништето и тој требало да замине во друг град.

Меѓу христијаните, кои биле на тој собир, бил и еден млад човек по име Евтих. Тој заспал додека Павле проповедал. Можеби, работел многу напорно преку целиот ден и бил многу уморен. Собата била полна со многу луѓе стеснати внатре да го слушнат Павле. Во Библијата, исто така, се кажува дека таму гореле многу маслени ламби и, веројатно, собата била топла и полна со чад. И, се разбира, Павле проповедал една многу долга проповед. Ајде да не избрзуваме да го обвиниме Евтих! Сепак, проблемот бил во тоа што тој седел на еден прозорец, а собата била горе на третиот кат. Можете ли да погодите што се случило кога му натежнала главата и задремал? Да, тој паднал од прозорецот, од третиот кат долу на земјата. Тој бил мртов. Павле веднаш побрзал долу на улицата и ги ставил своите раце околу него. Бог направил големо чудо и Павле можел да извика...: "Не вознемирувајте се, зашто неговата душа сè уште е во него!" Евтих бил повторно жив! Откако бил сигурен дека младиот човек е во ред, Павле се качил повторно горе, да биде со другите христијани.

Се прашувам дали можете да се сетите на некој збор, што ја содржи буквата **"е"**, и кој ќе соодветствува за нашиот анаграм. Ајде да ви помогнам малку. Ние бараме друга причина зошто да се оди в црква. Одењето в црква не е да се спие, ниту да се паѓа од прозорците! Тоа има врска со многу внимателно слушање на Божјото Слово, исто како луѓето од Троја. Тие биле подготвени да се откажат од ноќно спиење, само да можат да го слушаат Павле, како тој го проповедал Зборот Божји. Кој е Зборот? **"УЧЕЊЕ"** - учење од Божјото Слово. Оваа е една од најважните причини да се оди в црква, зар не?

**СЛИКА 4-5**

Ние, секако, можеме и треба да учиме од Божјото Слово и сами, но, исто така, е потребно за христијаните да бидат во црквата за заедно да учат од Божјото Слово. Секоја недела наутро проповедникот или некој друг човек кој го сака Божјото Слово, станува на проповедалницата и ѝ објаснува на заедницата некој дел од Библијата. Пред тој да почне да го прави тоа, ние треба да се помолиме и да бараме од Бог да ни помогне да ја разбереме пораката од Неговиот Збор.

Додека проповедникот зборува, ние треба многу внимателно да слушаме и да размислуваме во нас самите: "Што Бог сака да научам ова утро и што Тој сака да направам откако ќе ја слушнам оваа порака?" Додека заедно учиме од Библијата, Бог работи во нас, така што ние продолжуваме да растеме како христијани.

Многу од вас сè уште сте млади и, можеби, не разбирате сè што кажува проповедникот. Всушност, можеби некои од вас одат на посебен час, пред да почне службата. Сепак, дури и ако одиш на посебен час, ти си поучуван од Божјото Слово и ти треба да внимаваш, да слушаш внимателно. Кога остануваш на службата, дури и ако не разбираш сè, сепак, Бог има нешто што Тој сака да ти каже. Побарај од него да ти помогне да го слушнеш и разбереш тоа што се проповедало. Жално е да се видат млади луѓе, момчиња и девојки, кои си пишуваат белешки едни на други или се прозеваат за време на службата. Овие работи сигурно не Му се допаѓаат на Бог, бидејќи тие покажуваат непочитување на Неговиот свет Збор. Добар начин да го користиш твоето пенкало или молив би бил да пишуваш белешки што ќе ти помогнат да го запамтиш тоа за што проповедникот проповедал!

Нашите проповедници не проповедаат толку долго како Павле во Троја. Тој проповедал до полноќ! Тоа би било долго време да се седи во тишина и да се слуша. Обично службите денес траат околу 30 минути. Ако го сакаме Господ ние

треба да можеме да внимаваме за тоа време, така ли е? Тоа е една од основните причини зошто сите оние од нас кои го сакаат Господ треба да одат в црква - да слушаат и учат од Божјото Слово. Се разбира, ние треба да направиме напор да станеме во недела наутро и да дојдеме в црква, но, секако, за тоа вреди да се потроши време и тоа е полезно за нас. Кога ќе го вклучиш твоето радио или телевизор, ти слушаш за да дознаеш кога на програмата е емисијата која ти сакаш да следиш. Кога ќе почне таа емисија, ти ја следиш со особено внимание.

Насочи ги своите мисли кон Божјото Слово во црквата.

Сега, ни останува уште еден збор да го пополниме во **"Нашата црква"**. Ајде да го побараме, враќајќи се назад на нашата случка од Троја.

**СЛИКА 4-6**

Откако Евтих бил вратен во живот, Павле се вратил горе на третиот кат во собата каде што бил собирот. Сетете се, тоа било по полноќ. Мислите ли дека Павле останал уште? Ајде да го најдеме одговорот во Дела 20:11: "Потоа се качи горе, раскрши леб и поткасна, и им зборуваше долго, сè до мугрите, кога отпатува". Христијаните поминале цела ноќ заедно! Што правеле тие? Тие раскршиле леб *(ние веќе учевме за тоа)*, јаделе и "долго време разговарале".

Тие сакале да бидат заедно. Да не се чудиме! Тие имале толку многу за што да зборуваат, бидејќи сите тие Го сакале Господ Исус и знаеле дека нивните гревови се простени. Тие биле како браќа и сестри во едно големо семејство.

Колку поразлично било да бидат со оние кои не го сакале Господ Исус. Некои христијани во Троја, веројатно, биле робови и кон нив се однесували сурово; тие биле принудени да работат многу часови. Многу од нив работале со луѓе кои, едноставно, не се интересирале за Бог и Неговиот Збор, кои се интересирале само за заработување пари. Дури и соседите и семејствата понекогаш мислеле дека христијаните се чудни луѓе, бидејќи тие многу сакале да се собираат заедно да зборуваат, да се молат, да пеат и да учат од Божјото Слово. Некои луѓе навистина не ги сакале христијаните, бидејќи тие им зборувале за Господ Исус и им кажувале дека тие мораат да се свртат од нивните грешни патишта. Да, луѓето не ги разбирале христијаните и им го отежнувале животот. Затоа било толку добро да бидат собрани заедно со други пријатели христијани. Тие можеле да почувствуваат вистинско заедништво со нив. Што значи заедништво? Тоа е особено пријателство што само христијаните можат да го воспостават еден со друг.

Пако е момче од Шпанија кој го слушнал Евангелието и поверувал во Господ како во свој Спасител. Никој од семејството на Пако не бил вистински христијанин. Тие него го исмевале и правеле сè што можеле да го спречат да ја чита својата Библија. Тие му ја зеле Библијата и ја скриле. Му правеле многу пречки за да не оди в црква. Кога Пако ќе успеел да дојде на собирањата во црквата, тој бил многу радосен што е таму. Тој бил особено задоволен да биде заедно со другите млади луѓе кои го љубеле Господ Исус. Тој седел со часови и одвај сакал да се врати дома.

Неговите родители го испратиле подалеку, во друг град, да го чуваат понастрана од другите христијани. Пред да замине, Пако добил од пасторот адреса од некоја црква во градот каде што бил испратен. Првото што тој го направил кога пристигнал таму е што тој почнал да ги посетува собирањата на таа црква. Заедништвото му било многу важно.

Сега, веројатно, вие го препознавате зборот што го бараме, оној што ја содржи буквата **"ш"** некаде во средината. Овој збор е друга причина зошто христијаните се собираат заедно в црква. Зборот е **"заедништво"** - посебно пријателство што христијаните го чувствуваат еден кон друг, како членови на истото семејство на Бог.

**СЛИКА 4-7**

Ние навистина го поминуваме убаво времето овде, во нашиот христијански клуб, нели? Убаво е кога се собираме да пееме, учиме и разменуваме мислења. По неколку години вие ќе бидете премногу големи да доаѓате во овој клуб *(освен оние кои се учители и помошници)*. Што ќе правиш тогаш? Тебе сè уште ќе ти требаат пријатели христијани на твоја возраст, со кои ти ќе можеш да учиш од Божјото Слово. Вие можете да се молите заедно и да зборувате за Господ. Вие ќе најдете такви пријатели в црква, каде младите луѓе го љубат Бог, го слушаат Неговиот Збор и се молат. Таму вие ќе го чувствувате заедништвото со други христијани. На сите ни се потребни добри пријатели христијани. Тешко е сам да се биде христијанин.

**СЛИКА 4-8**

Ајде да замислиме дека имаме запалено голем логорски оган и дека прачките добро горат. Многу е топло и пријатно. Но, што ќе се случи ако ги разделиме разгорените прачки и една по една да ги распоредиме околу огнот? Многу брзо огнот ќе згасне, прачките ќе престанат да горат и жарот ќе исчезне. Ќе останеш со неколку црни прачки, наместо со голем, светол оган.

За несреќа, ова понекогаш се случува со момчиња и девојки христијани. Кога се заедно во христијанско заедништво, нивната љубов кон Господ Исус гори силно. Но, кога тие се раздвоени и немаат христијанско заедништво, нивната љубов оладува и, изгледа, огнот на интересирањето и одушевеноста за Божјото Слово згаснува. Момчиња и девојки, вам ви треба заедништво со христијани! Ајде да прочитаме што Господ кажува во Евреите 10:25. "Не напуштајќи ги заедничките собирања, како што некои имаат

обичај". Некои христијани не се собираат доволно често колку што треба со други христијани кои го љубат Господ. Треба да си направиш планови да посетуваш црква и да се запознаеш со други христијани на твоја возраст. Тоа ќе ти помогне да продолжиш јасно да гориш за Господ Исус Христос.

Сега, на секој од вас ќе му дадам по еден примерок од анаграмот **"Нашата црква"** и ќе се обидме да ги пополниме зборовите што недостасуваат, а за кои размислуваме изминатите три недели.

## СТИХОВИ ЦИТИРАНИ ВО ОВАА ЛЕКЦИЈА

**Дела 20:7**
"А кога на првиот ден на седмицата се состанавме да раскршуваме леб, Павле им држеше беседа".

**Матеј 26:26**
"Земете, јадете, ова е моето тело".

**Дела 20:7**
"Павле им држеше беседа, зашто утредента сакаше да замине. Тој продолжи со беседата до полноќ".

**Дела 20:11**
"Потоа се качи горе, раскрши леб, и поткасна, и им зборуваше долго, сè до мугрите, кога отпатува".

**Евреите 10:25**
"Не напуштајќи ги заедничките собирања, како што некои имаат обичај".

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ НА ЛЕКЦИЈАТА 4

1. Во кој приморски град била црквата што ја посетил Павле?
2. Како изгледала собата каде што се собирала црквата? *(Трет кат, многу ламби).*
3. Читавме дека учениците се собирале заедно да "раскршуваат леб". Што значи тоа?
4. Освен што јаделе леб, што друго си подавале тие и зошто?
5. Зошто јадењето леб и пиењето вино го нарекуваме "Господова вечера?"
6. Колку долго Павле проповедал? *(Ние не знаеме кога тој почнал, но завршил на полноќ).*
7. Ние денеска размислуваме за три причини за одење в црква. Кажете ми две од нив.
8. Што значи заедништво?
9. Можеш ли да ги кажеш трите причини за одење в црква што ги учевме минатата недела? *(Проповедање, давање, испраќање мисионери)*
10. Во изминатите неколку недели ние посебно размислувавме за три новозаветни цркви - кои беа тие? *(Ерусалим, Антиох, Троја).*

# ЛЕКЦИЈА 5
## *ЦРКВАТА ВО ВОЈНА*

- прогонување, лажна наука, поделби

### ТЕКСТОВИ ШТО УЧИТЕЛОТ ТРЕБА ДА ГИ ПРОЧИТА И ПРОУЧИ

Дела 19:1-41, Матеј 16:16-18; Дела 20:15-20, 27-38; 1. Коринќаните 3:1-7; Евреите 13:3.

### СТИХ ЗА УЧЕЊЕ НАПАМЕТ

"Христос ја засака црквата и се предаде Сам Себеси за неа". Ефешаните 5:25.

### ВИЗУЕЛНИ ПОМАГАЛА

Освен картограмот, при крајот на лекцијата, ќе ти требаат две или три чепкалки за заби *(или мали дрвени парченца, или украсни стапчиња)*, една шајка и неколку сантиметри црвена волна *(или конец)* за една кратка сликовита лекција.

### ОСНОВНА ВИСТИНА

Сатаната ја напаѓа Црквата и се обидува да внесе лажно учење и поделба.

**ЦВС:** Одбери да посетуваш црква што стои цврсто на вистината наспроти сатанските напади.

**ЦВН:** Не обраќај му внимание на сатаната кој се обидува да те одбие од вистината.

**ПОЧЕТОК**

Има некој кој навистина ја мрази црквата. Тоа е сатаната.

**РАЗВОЈ НА ЛЕКЦИЈАТА**

5-1 Павле проповеда во Ефес и многу луѓе се свртуваат кон Бог.
5-2 Сатаната го користи Димитриј да го разгори прогонството против Црквата. ЦВ
5-3 Сатаната сè уште во многу земји го разгорува прогонството против Црквата. ЦВ
5-4 Павле поучува и се моли со старешините во Ефес. Предупредување од "волци" кои ќе донесат лажни науки.
5-5 Сатаната денес сè уште го користи оружјето на лажна наука против Црквата-ЦВС-ЦВН
5-6 Поделби во Црквата во Коринт
5-7 Сатаната денес го користи оружјето на поделба против Црквата. ЦВС
5-8 Христос може сега да ни даде победа над сатаната; еден ден Тој сосема ќе го порази сатаната.

### КРАТКО ПОВТОРУВАЊЕ НА ПРЕТХОДНИТЕ ЛЕКЦИИ

Што научивме досега за Црквата? Каква е таа? *(Тело, Зграда, Невеста, Семејство.)* Што треба Црквата да прави? (*Грижење, молитва, помагање, сведочење, поучување на Зборот Божји.)* Кој е Црквата? *(Група на новородени верници.)*

**ВОВЕД**

Претпоставувам дека на телевизија сте гледале природнонаучни филмови во кои се прикажува лавот како му се прикрадува на својот плен - можеби зебра или антилопа. Лавот е толку силен, толку жесток и брз, што тој е еден страхотен непријател. Црквата, исто така, има еден силен, жесток непријател. Тој е сатаната. Тој е решен да води војна против неа и да ја спречи да расте и да ја врши Божјата волја. Тој ги напаѓа христијаните и црквата на многу начини. Денес ќе разгледаме три начини на кои тој води војна против Црквата. За да ги разгледаме овие три начини треба повторно да размислиме за она што се случуваше во книгата **"Дела на апостолите"**.

**СЛИКА 5-1**

На едно од своите патувања Павле дошол во градот Ефес, и, како и секогаш, тој го проповедал Евангелието. Тој останал таму повеќе од две години. Ефес бил голем и грешен град, каде што имало еден голем храм на паганската божица која се викала Артемида. Луѓето од Ефес ја обожавале Артемида и во многу домови тие имале нејзини мали сребрени ликови, а и храмот бил изграден во нејзина чест.

И покрај сето ова идолопоклонство и погрешно учење, многу луѓе поверувале во Господ Исус Христос да ги спаси додека Павле проповедал и го поучувал Евангелието. Во Библијата се кажува дека Добрата Вест се распространувала. До каде? Ајде да прочитаме што пишува во Дела 19:10: "Сите Евреи и Грци, кои живееја во Азија, го слушнаа Господовото Слово". И во Дела 19:20: "И така Словото, преку Божјата сила, растеше и напредуваше сè посилно". Сигурен сум дека Павле и неговите пријатели го славеле Бог за начинот на кој Господ ги спасуваше луѓето од Ефес. Сепак, сатаната не беше среќен. Кога тој видел колку многу луѓе се свртеле од својот грев и идолопоклонство и поверувале во Христос, тој почнал да ги напаѓа Павле и црквата.

**СЛИКА 5-2**

Тој искористил еден човек по име Димитриј кој изработувал сребрени ликови и светилишта. Откога многу луѓе се свртеле кон вистината и кон живиот Бог од Библијата, тие повеќе не купувале ликови од Артемида. Димитриј и другите занаетчии губеле пари. Тогаш Димитриј ги повикал заедно сите занаетчии - оние кои од

сребро ги изработувале малите ликови на Артемида и им ги продавале на луѓето. Димитриј им објаснил колку многу луѓе престанале да ја обожаваат Артемида и затоа повеќе не купувале од ликовите што ги изработувале занаетчиите. Од тоа што го кажал Димитриј, занаетчиите толку многу се налутиле што почнале да извикуваат: "Голема е Артемида Ефеска!" Тие излегле надвор и зграбиле некои од пријателите на Павле и ги одвлекле во арената *(на стадионот)*. Голема толпа ги следела нив и тие исто така почнале да извикуваат со сиот свој глас: "Голема е Артемида Ефеска! Голема е Артемида Ефеска!" Тие продолжиле така да викаат два часа!

Најпосле, градскиот писар, кој бил важна личност во градската управа, успеал да ја смири толпата и да ги убеди да се вратат во своите домови. Што мислите, кој стоел зад Димитриј и зад занаетчиите? Кој ги терал да го повредат Павле и другите христијани? Тоа бил сатаната, непријателот на Господ Исус Христос и на Црквата. Тој се надевал дека Павле и христијаните ќе бидат убиени, или, пак, дека проповедањето на Евангелието ќе запре. Но, Господ е посилен од сатаната. Непријателите на христијаните се разочарале. Како резултат на тоа што го рекол градскиот писар, бунтот престанал и луѓето тивко си заминале дома. Сатаната го искористил нападот на Димитриј и другите занаетчии, за да се обиде да го спречи растењето на Црквата на Господ Исус. Тој не сака луѓето да го слушнат Евангелието и да поверуваат во Исус Христос како во свој Спасител и Господ. Во други градови христијаните биле тепани, затворани во затвори, им биле одземани имотите, па дури биле и убивани. Сепак, и покрај сето тоа, сè повеќе и повеќе луѓе се определувале да веруваат во Христос. Тој е посилен од сатаната.

**СЛИКА 5-3**

Дури и денес сатаната го користи ужасното оружје наречено прогонство за да може да го запре напредувањето на Црквата на Господ Исус Христос. Тој не сака луѓето денес да го слушаат Евангелието. Во многу земји, ако го проповедаш Евангелието, може многу да пострадаш поради тоа. Токму сега во некои земји, има многу проповедници и учители кои се в затвор поради тоа што проповедале за Господ Исус. Тие со години лежат во затвори каде многу, многу напорно работат, а добиваат многу малку храна за јадење. Тие честопати се ужасно гладни, уморни, им студи и се осамени - сè поради Господ Исус. Низ светот сè уште има многу христијани што умираат поради своето верно сведоштво за Христос.

Сепак, сатаната не може да ја уништи Божјата Црква. Господ Исус рече: "Ќе ја изградам Мојата црква и портите на Адот нема да ја надвладеат" *(Матеј 16:18)*. Секојдневно Господ спасува луѓе во целиот свет. Црквата расте. Сатаната не може да Го порази Бог, ниту, пак, да ја уништи Црквата. Наместо сатаната да ја уништи Црквата, еден ден Господ Исус ќе го уништи сатаната.

Ние кои сме христијани, треба да запомниме често да се молиме за нашите браќа и сестри во Божјото семејство кои страдаат поради Евенгелието во другите земји. Црквата е едно семејство, едно тело. Кога еден страда, сите ние страдаме. Така е и во твоето телесно семејство: кога е болен твојот брат, или, пак, твојата сестра, ти сочувствуваш со нив, ти си загрижен. Ако си член на Божјото семејство, преку верата во Господ Исус Христос, моли се за Божја заштита и помош на твоите браќа и сестри по Христос кои страдаат во други земји. Во Библијата, во Евреите 13:3 се вели: "Имајте ги на ум затворениците, небаре сте и вие во пранги, како и измачуваните, зашто и самите сте во тело".

**СЛИКА 5-4**

Сатаната не ја напаѓа Црквата само преку прогонства. Тој, исто така, ја напаѓа и преку погрешно учење *(лажна наука)*.

Дали се сеќавате кога ви зборував за посетата на Павле на Црквата во Троја? Кратко време по заминувањето од Троја, неговиот брод пристигнал на пристаништето во Малта. Павле таму имал намера да се сретне со проповедниците и водачите на црквата во Ефес. Тој слегол од бродот, и тие се собрале заедно, веројатно, токму на плажата на Малта. Павле на црковните водачи од Ефес им објаснувал многу нешта. Тој им кажал нешто што многу го натажувало. Ајде да прочитаме што рекол тој во Дела 20:29: "Јас знам дека по моето заминување меѓу вас ќе навлезат свирепи волци, кои нема да го штедат стадото". Павле не зборувал за волци кои јадат овци: кога велел **"волци"**, тој мислел на луѓето кои ќе дошле и ќе проповедале, но немало да го проповедаат вистинското Евангелие. Овие лажни учители ќе им направеле голема штета на христијаните кои би биле измамени од лажното учење. Тие требало да бидат пастири кои ќе ги хранат овците. Напротив, како волци, тие ги јаделе овците.

И тоа навистина се случило по смртта на Павле. Некои проповедници доаѓале и им кажувале на луѓето дека пред да може некој да се спаси, тој треба да направи многу добри дела и дека не е доволно само да веруваш во Господ Исус Христос за да се спасиш.

Се разбира, тоа е погрешно учење. Никој не може да се спаси ниту да оди на небото, ако се труди да биде добар. Единствено, ако се свртиме кон Господ Исус, кој умре на крстот поради нас, ние ќе можеме да имаме простување на гревовите и вечен живот.

**СЛИКА 5-5**

Има илјадници проповедници низ целиот свет кои вистински Го љубат Бог и го проповедаат Евангелието. Според Евангелието, Господ Исус умре поради нашите гревови и само преку

Неговата смрт ние можеме да бидеме оправдани пред Бог. Меѓутоа, во некои црковни згради не се проповеда вистината на Евангелието. Ѓаволот и денес сè уште ја напаѓа Црквата преку лажните учители. Можеби тоа ќе бидат многу умни и многу добри говорници, но, ако не ја проповедаат вистинската порака, нивното проповедање е погрешно и безвредно.

Дури и во нашиот град има многу луѓе кои во недела одат в црква, но таму тие не ја слушаат вистината. Како што растеш и решаваш која црква ќе ја посетуваш и во која ќе се зачлениш, биди многу внимателен тоа да биде црква во која проповедникот навистина го поучува тоа што се наоѓа во Библијата. Биди сигурен дека тие го проповедаат Евангелието за кое си слушал на овие состаноци. На пример, ти би можел да се запрашаш:

Дали оваа црква се состанува редовно за молитва?

Дали испраќа мисионери да го проповедаат Евангелието на други места?

Дали луѓето во неа навистина го слават Бог и го поучуваат Неговиот Збор?

Можеби, денеска си присутен на часот, а сатаната те мами да веруваш дека си доволно добар да го задоволиш Бог. Дали тој те натера да мислиш дека не ти треба Господ Исус да биде твој Спасител? Дали тој ти рече: "Немој сега да размислуваш за Бог, за гревот и за сите тие работи! Ти си уште многу млад! Сатаната те лаже, но послушај го Божјото Слово денеска. Тој ти ја кажува вистината и Тој вели дека ти си грешник. Ти си направил многу лоши работи, си мислел лоши работи и си кажувал работи кои го лутат Бог. На овие начини ти си бил непослушен кон Бог и твојот грев те одвојува од Него. Не можеш сам да се спасиш себеси.

Добрата вест е дека Бог те љуби толку многу што Го испратил Својот единствен Син да те спаси. Тој умре на крстот заради твојот грев. Тој воскресна и Тој може да те спаси денеска.

Одврати се од својот грев. Престани да ги слушаш лагите на сатаната. Сврти се кон Бог и повикај Го да те спаси денеска. Тој вели: "Секој, кој ќе го повика Господовото име, ќе биде спасен" *(Римјаните 10:13).*

**СЛИКА 5-6**

Сатаната го користи прогонувањето и лажната наука, но, исто така, тој користи и едно друго оружје за кое што сакам да ве поучувам.

Ајде да ви го објаснам.

Бог го водеше апостолот Павле да напише многу писма кои се сега дел од Новиот Завет. Во едно од тие писма, адресирано до црквата во Коринт *(град во земјата Грција)*, Павле пишува дека тој е повторно загрижен за нападите од сатаната против таа црква. Тоа многу го растажило.

Христијаните во црквата во Коринт се поделиле во мали групи. Некои од нив мислеле дека Павле бил најголемиот учител и се нарекувале себе си **"Павлева група"**. Други мислеле дека човекот кој се викал Аполос бил најголемиот учител, и себе си се нарекувале **"Аполосова група"**.

Во неговото писмо до нив, Павле им пишува да не бидат толку безумни. Тој ја споредува црквата со градина. Павле рекол дека тој бил оној кој го посеал доброто семе од Зборот Божји во Коринт. Аполос дошол по него да помогне и да ги поучува христијаните; тој бил како човек со канта за полевање кој се грижи за растенијата. Но, Павле запрашал: "Кој прави семето да расте? Дали е тоа Павле? Не! Тогаш Аполос ли е? Се разбира, не!" Ајде да го прочитаме одговорот на тоа прашање во 1. Коринќаните 3:7: "Затоа, ниту оној кој сади е нешто, ниту оној кој полева, туку Бог кој прави да расте". Бог е единствениот кој дава вечен живот и растење. И Тој им го дава тоа на сите кои веруваат во Него. Бог ѝ даде живот на целата црква во Коринт. Тогаш зошто тие дозволиле поделбите да се појават во црквата? Бидејќи сатаната го користел оружјето на **ПОДЕЛБА** да ги ослабне и да ги натера да се расправаат еден со друг, наместо да бидат обединети, да го слават Господ и да Му служат Нему.

**СЛИКА 5-7**

Сатаната продолжува да го користи ова моќно оружје во црквите денес. Наместо христијаните да го слават Бог, да се молат и да го поучуваат Неговиот Збор, понекогаш тие се расправаат и препираат за работи кои навистина не се важни. Христијаните можат да бидат горделиви, тие можат да ги озборуваат другите христијани и можат да кажуваат навредливи работи. Сатаната го користи тоа да разгори болни чувства и неволја меѓу христијаните, така што тие доволно не се сакаат еден со друг. Ајде да се потсетиме дека Црквата е Телото Христово. Во едно човечко тело сите делови работат заедно во единство и хармонија. Исто и во Телото на Црквата ние треба да работиме заедно во мир.

Црквите не се совршени, бидејќи христијаните грешат и прават лоши работи. Ако видиш да се јавуваат проблеми меѓу христијаните, не дозволувај тоа да те спречи да престанеш да одиш в црква да го славиш Бог и да го слушаш Неговиот Збор. Истовремено чувај се за да не се фатиш во стапица на сатаната и да не предизвикаш поделби и проблеми со други христијани. Ако познаваш други момчиња или девојчиња христијани или млади луѓе кои се караат или престанале да се дружат, или дури престанале да доаѓаат в црква поради некоја расправија или проблем, обиди се да ги охрабриш и да им помогнеш. Над сè, моли се за нив Бог да им помогне да го победат сатаната, и тие наскоро да се вратат во заедништво со Господ и со другите христијани.

Ние многу зборувавме за сатаната и неговите

нападни против нас и против сите христијани кои ѝ припаѓаат на Црквата на Господ Исус Христос. Тој, секако, е силен и лукав непријател кој прави голема штета со неговите оружја на прогонство, лажно учење, поделби и горделивост. Тој е посилен од нас. Но, тој не е толку силен како Христос кој е семоќен. Верувај во Христос да ти даде сила да го победиш Сатаната кога тој те напаѓа и искушува да грешиш. Побарај од Бог да ти помогне да го правиш тоа што е исправно.

**СЛИКА 5-8**

Една голема вистина што сакам да ја знаете е дека еден ден Господ Исус целосно ќе го порази сатаната и ќе го стави во еден посебен затвор засекогаш. Тој тогаш нема да има сила да нѐ напаѓа и да нѐ искушува. Нели тоа нешто е прекрасно да се исчекува? Дали се сеќавате на стихот што претходно го прочитавме во лекцијата; тие се зборовите на Господ Исус Христос: "Ќе ја изградам мојата црква и портите на Адот нема да ја надвладеат" *(Матеј 16:8)*. Тоа значи дека Христовата Црква на крајот ќе го победи сатаната. Црквата е како една голема војска која ја турка вратата на сатанскиот замок. Еден ден ѓаволот ќе се предаде и ние ќе имаме целосна победа со помош на нашиот Водач, Господ Исус Христос.

Но, дури и пред да дојде тој славен ден кога сатаната засекогаш ќе биде поразен, ние од ден на ден можеме да го победуваме. *(Учителе, прикажи ја овде кратката сликовита лекција, со чепкалките за заби, црвениот конец [или волна] и шајката).*

Ти и јас сме како оваа мала чепкалка за заби. Ние сме навистина сосема слаби. Видете колку лесно можам да ја скршам. *(Учителе, направи го тоа)*. Сатаната може да нѐ искушува и да нѐ порази, ако ние се надеваме само на нашата сила. Но, Господ Исус е еден многу силен Пријател и Заштитник. Јас ќе ја ставам оваа друга чепкалка покрај оваа шајка; јас ќе ставам и други чепкалки. И јас ќе го замотам црвениот конец околу сите нив да ги држам соединети. Тоа е како нас кои сме близу до Господ Исус кој ја пролеа Својата скапоцена крв за да биде наш Спасител. Сега еден од вас нека се обиде да ја скрши чепкалката

*(Дозволи им на децата да се обидат).*

Не можете, нели, сѐ додека чепкалката е соединета со шајката и е заедно со другите чепкалки. Господ Исус Христос може да те направи силен против нападите на сатаната. Исто така, за нас, како христијани, е многу важно да бидеме заедно со други кои го љубат Господ Исус Христос.

Црквата денес не е совршена, но еден ден таа ќе биде, кога ќе сме на Небото со Господ Исус Христос. Нема да има ниту грев, ниту прогонување, ниту тага на Небото. Во меѓувреме, биди близу до Господ Исус, нашиот Спасител и Заштитник против сатаната.

## СТИХОВИ КОРИСТЕНИ ВО ОВАА ЛЕКЦИЈА

**Дела 19:10**
"Сите Евреи и Грци, кои живееја во Азија, го слушнаа Господовото Слово".

**Дела 19:20**
"И така Словото, преку Божјата сила, растеше и напредуваше сѐ посилно".

**Матеј 16:18**
"Ќе ја изградам Мојата црква и портите на Адот нема да ја надвладеат".

**Дела 20:29**
"Јас знам дека по моето заминување меѓу вас ќе навлезат свирепи волци, кои нема да го штедат стадото".

**1. Коринќаните 3:7**
"Затоа, ниту оној кој сади е нешто, ниту оној кој полева, туку Бог кој прави да расте".

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ НА ЛЕКЦИЈАТА 5

1. Колку време останал Павле во Ефес, проповедајќи го Евангелието?
2. Која била паганската божица што ја обожавале луѓето од Ефес?
3. Како се викал занаетчијата кој му предизвикал неволја на Павле и на неговите пријатели-христијани во Ефес?
4. Како сатаната го користи оружјето на прогонство во денешно време?
5. Зошто Павле бил тажен додека на брегот разговарал со старешините на црквата во Ефес?
6. Како сатаната го користи оружјето на лажно учење денес?
7. Кога ќе сте поголеми и ќе избирате добра црква за да ја посетувате, треба да си поставите две или три прашања за тоа, на пример: "Дали тие навистина го проповедаат Евангелието?" Кажете ми уште две прашања.
8. Објаснети ги поделбите во црквата во Коринт.
9. Павле, во своето писмо ја споредува црквата со градина. Можете ли накратко да ја објасните таа споредба?
10. Како сатаната го користи оружјето на поделба во црквите денес?
11. Можете ли да ги објасните зборовите на Господ Исус: "Ќе ја изградам Мојата црква и портите на Адот нема да ја надвладеат"?
12. Можете ли накратко да ми ја објасните илустрацијата со шајката и чепкалката?

**Фотокопирај го, исечи го**
**и чувај го во својата Библија.**

## КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ПОСТАПКИТЕ ЗА СОВЕТУВАЊЕ ДЕТЕ КОЕ САКА ДА ДОЈДЕ КАЈ ХРИСТОС

### УВЕРИ СЕ ДЕКА ДЕТЕТО РАЗБИРА ЗА:

**БОГ**
Кој е Бог?
Бог нè создал. Тој ни зборува преку Библијата.
Бог е свет и чист. Тој нè љуби.

**ГРЕВ**
Што е грев?
Грев е непослушност кон Божјите заповеди.
Тоа е против Бог.
Зборувај за конкретни гревови.
Детето е грешник.
Гревот заслужува казна.

**СПАСИТЕЛОТ**
Единствено кој може да го земе нашиот грев?
Бог Синот умре на крстот за грешниците.
Господ Исус воскресна од смртта. Тој е Господ над сè.

**ОБЈАСНИ НА КОЈ НАЧИН МОЖЕ ДА СЕ СПАСИ ЧОВЕК**
Објасни што сака Господ да направиме ние
и што ќе направи Тој.
Употреби библиски стих (Јован 1:12; 3:16; 6:37; Дела 16:31; Рим. 6:23 или 10:13).
Што сака Господ да направиш ти?
Што ќе направи Господ?
Предупреди го за тешкотиите.
Прашај: "Дали сакаш да поверуваш во Христос, или би сакал да почекаш?"1
Охрабри го детето да се помоли гласно (ако е подготвено).

**ЗБОРУВАЈ ЗА СИГУРНОСТА НА СПАСЕНИЕТО**
Врати се на Библискиот стих што го користеше.
Зборувај за изменет живот.
Кажи му што човекот, кој навистина верува во Христос, знае со сигурност.

**КАЖИ (ПОДОЦНА) НЕКОЈ СОВЕТ ЗА ХРИСТИЈАНСКИОТ ЖИВОТ**
Читај ја и придржувајте се кон напишаното воБиблијата.
Зборувај со Бог, нашиот Небесен Татко.
Кажи им на другите за тоа што Господ го направи за тебе.
Побарај од Бог да ти прости кога ќе згрешиш.
Среќавај се и дружи се со други христијани.
Запомни дека Господ ветува: "Никогаш нема да те напуштам".